

**Борис Трајановски, нов претседател на МКД „Браќа Миладиновци“**

**Интервју со проф. д-р Васил Тоциновски: Во Хрватска го имав најголемото богатство – пријателите**



# Македонски глас


Година XXII 2014.
СЕПТЕМВРИ – ОКТОМВРИ
RUJAN – LISTOPAD
ЦЕНА 5 кн

ISSN 1333-7769

БРОЈ
91




## Камен темелник за Македонска православна црква во Загреб






**Сеќавање: Седум години без Тоше**

# caffetin COLD®

# caffetin COLDmax®

**Za ublažavanje simptoma prehlade i gripe**




**Tableta ili topli napitak, izbor je Vaš!**



*paracetamol*
*pseudoefedrin*
*dekstrometorfan*
*vitamin C*

*paracetamol*
*fenilefrin*




- POVIŠENA TJELESNA TEMPERATURA
- GLAVOBOLJA
- BOL U MIŠIĆIMA
- GRLOBOLJA
- CURENJE IZ NOSA
- SUHI KAŠALJ

1-2 tablete 4 puta na dan

ALKALOID
*Health above all*

- POVIŠENA TJELESNA TEMPERATURA
- GLAVOBOLJA
- BOLOVI
- GRLOBOLJA
- ZAČEPLJENOST NOSA

Sadržaj vrećice otopiti u čaši tople vode
uz miješanje i popiti, ne više od 4 vrećice kroz 24 sata

OGL-904-01-10-2014-HR

Prije upotrebe pažljivo pročitati uputu o lijeku.
Za obavijesti o indikacijama, mjerama opreza i nuspojavama upitajte svog liječnika ili ljekarnika.

# PROCULIN®

Za Vaše oči

## KAPI ZA OKO (naphazolinum)

- Kod alergijske upale očiju
- Kod crvenila i svrbeži očiju

1-2 kapi, 4 puta dnevno

## TEARS (umjetne suze)

Medicinski proizvod

- Vlaži i štiti suhe oči

1 kap u oko 2-3 puta dnevno

## LENS (otopina za leće)

Medicinski proizvod

- Za sve vrste kontaktnih leća
- Preporučuje se za osjetljive oči
- Antibakterijska kutija




ALKALOID
*Health above all*

PRIJE UPOTREBE PAŽLJIVO PROČITATI UPUTU O LIJEKU ILI MEDICINSKOM PROIZVODU.
ZA OBAVIJESTI O INDIKACIJAMA, MJERAMA OPREZA I NUSPOJAVAMA UPITAJTE SVOG LIJEČNIKA ILI LJEKARNIKA

OGL-080-01-08-2013-HR

**GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**

**СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**

Главна и одговорна уредничка:
МИЛЕНА ГЕОРГИЕВСКА

Заменик на главната и одговорна уредничка:
ЕЛИЗАБЕТА ПЕТРОВСКА

Уредништво:
Компјутерска обработка: Владо Чакмак
Лектура: Марија Георгиева-Петриќ
Секретар и коректор: Елизабета Петровска

Редакциски одбор:
Васил Тоциновски
Тинка Барбутов Крстева
Мирјана Мајиќ

Редакција:
Елизабета Петровска – Загреб
Јулијана Младеновска Тешија – Осиек
Васил Тоциновски – Риека
Елена Кипровска Кнежиќ – Задар
Биљана Митревски – Сплит
Тодор Брдарски – Пула

Ovo se glasilo tiska sredstvima iz Državnog proračuna RH posredstvom Savjeta za nacionalne manjine pri Vladi RH.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
OIB: 07739533563
Žiro račun: PBZ – IBAN: HR6023400091100038804
Tel./Fax: (01) 48 72 655
web: www.zmurh.hr
e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr
zmurh.hr@gmail.com

За издавачот: Илија Христодулов
Печат: М-Принт д.о.о. Загреб

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete, Sektor informiranja, dana 14.7.1993

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1-7-94-01 od 10. svibnja 1994. ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.

ЗАБЕЛЕШКА: Коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

## ЕХО НА ВРЕМЕТО

### Агол на уредникот
### Urednikov kutak



# Вера

Народната поговорка „Без невоље нема богомоље“ ја практикуваме скоро сите ние. Сведоци сме дека луѓето често веруваат и го бараат Бога во време на страв, несреќа, елементарни незгоди, војни, болка, немаштија... Но, кога тие неволји ќе поминат, тие се враќаат на животот кој нема никаква врска со Бога. Веруваат кога нешто им треба, а кога тоа ќе помине, продолжуваат да живеат како да нема Господ.

Целосно се согласувам со ваквото размислување на некои познавачи на приликите кои укажуваат на постмодерното практикување на верата. Но, и на практикување на верата, секој на свој начин. Некои луѓе сакаат да одат во црква кога нема никој, тоа им одговара за да најдат мир. Она што може да се каже како универзална и несомнено позитивна работа е дека верата е корисна и за националните интереси, и за семејството, и за општеството воопшто. Таа ги поучува луѓето да бидат добри и чесни. „Ако си добар, Бог те наградува“, „Ако си лош, Бог те казнува“.

Верата може да биде терапија за душата, помош и утеха, задоволство. За некои од нас верата е традиција или убав обичај.

Но, како и да е, Македонците во Хрватска наскоро ќе имаат своја православна црква во Загреб, чиј камен-темелник е веќе поставен. Тие се повторно привилегирани во остварувањето на своите национални права во Хрватска, за разлика од Македонците од останатите соседни земји, бидејќи станува збор за прв македонски православен храм кој ќе биде изграден во регионот, надвор од границите на Република Македонија.

Милена Георгиевска
(m.georgievska@gmail.com)

# Поставен камен-темелник на Македонска православна црква во Загреб





*„Не се случува ваков настан секој ден и секоја година, и секому и насекаде. Храм се гради само тогаш и таму, кога ќе се исполни времето, кога оние кои го посакуваат храмот ќе израснат доволно и во верата, и во надежта и во љубовта, кога доволно ќе Го засакаат Бога и ќе живеат со Црквата, за Бог да ги удостои за такво дело.“ (г.г. Стефан, Архиепископ Охридски и Македонски)*

Македонците во Хрватска со години настојуваа да станат достојни за вакво дело, и Бог ги удостои со таа среќа – во неделата на 26 октомври 2014 година, свечено е извршено полагање и благослов на камен-темелник на Македонска православна црква во Загреб. Тоа е прв таков објект во регионот кој ќе се гради вон границите на Република Македонија и уште посилно ќе ги зајакне врските меѓу македонскиот и хрватскиот народ, а на македонските верници во Хрватска ќе им даде духовен дом и место за молитва.

На почетокот на изградбата на Македонска православна црква во Загреб, чија заштитничка е великомаченицата Св. Злата Мегленска, му претходеа долготрајни активности, од обезбедување на средства, земјиште, проект, дозволи. Голем е бројот на верниците и на пријателите на МПЦ кои во тоа вложија свое време, труд и средства.

Нивниот пат започна уште во 1993 година кога се одржа првата богослужба на македонски јазик во Загреб и кога е донесена одлука да се формира Македонска православна црковна општина во Загреб „Св. Злата Мегленска“, па продолжи следните години со формирањето на МПЦО „Св. Наум Охридски“ во Сплит, „Св. Јоаким Осоговски“ во Пула и „Св. цар Константин и царица Елена“ во Риека. Во меѓувреме, благодарејќи на разбирањето и соработката со Католичката црква во РХ, македонската православна црква ја добива црквата „Св. Рок“ во Загреб на времено користење. Подоцна, во 2003 година Владата на РХ и МПЦ потпишуваат Договор од заеднички интерес и од Македонија е испратен редовен парохиски свештеник со седиште во Загреб, протојереј Кирко Велински. Пет години подоцна, купено е градежно земјиште за изградба на МПЦ, а минатата година се платени сите комунални придонеси.

Но, како што ни порача нашиот протојереј Велински, *„свесни сме дека градбата на овој нов храм ќе биде наш голем испит и, се надевам, потврда на заеднички влог во утврдувањето на нашето единство како заедница, во утврдувањето на нашата вера, љубов и милосрдие. Со започнувањето на градбата не треба само да надѕидуваме камен врз камен, туку и нашите животи да ги сплотиме и ставиме еден покрај друг, та како ќе расне и ќе се издигнува храмот, така заедно да растеме и во љубов и слога.“*

По повод овој значаен историски настан, во Република Хрватска допатуваа Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан, Митрополитот Европски г. Пимен и Митрополитот Кумановско-Осоговски г. Јосиф, кои пред свечената церемонија служеа богослужба со свештенослужители од Европската, Скопската и Кумановско-осоговската Епархија во црквата „Св. Рок“. Владата на Република Македонија ја претставуваше министерот за надворешни работи, Никола Попоски, во присуство на амбасадорката на РМ во РХ, Даниела Карѓозоска. Исто така, на церемонијата беа





присутни претседателката на Комисијата за односи со верските заедници во Владата на РМ, Валентина Божиновска, директорот на Агенцијата за Иселеништво на Република Македонија, Васил Наумов и градоначалникот на скопската општина Ѓорче Петров, Сокол Митревски.

Во текот на целата церемонија заедно со бројните Македонци беа присутни претседателот на Хрватскиот сабор, Јосип Леко, шефицата на неговиот кабинет Ѓурѓица Пралас, претставникот на претседателот на РХ за верски прашања Стјепан Бартулица, директорот на Комисијата за односи со верските заедници Шиме Јерчиќ, заменичката на градоначалникот на Град Загреб Весна Кусин, потпретседателката на Градското собрание Јелена Павичиќ Вукичевиќ, ректорот на Загрепскиот универзитет проф. д-р Дамир Борас, како и бројни пријатели од културниот и политичкиот живот на Република Хрватска. Исто така, беа присутни личниот делегат на кардиналот и митрополит загрепски, монсињор Звонимир Секељ, претставници на останатите христијански цркви како и директорот на Исламската гимназија „Др. Ахмед Смајловиќ" Мевлудин ефенди Арслани, како личен претставник на претседателот на Мешихатот на Исламската заедница во РХ, муфтија д-р Азиз еф. Хасановиќ.

Свеченоста заврши со заеднички ручек во просториите на Основното училиште „Матија Губец", чии простории по овој повод великодушно ги отстапија љубезните вработени на ова меѓународно училиште со нивната директорка, Љиљана Клингер.

На сите нив, Неговото Блаженство, Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан им изрази длабока благодарност за несебичната помош која сите овие години Владата на Република Хрватска ја дава за верниците на Македонската православна црква во Хрватска, и ги посоветува верниците: *„Почитувајте ги Хрватска и хрватскиот народ и бидете им благодарни што ви дале дел и од земјата и од небото што Бог ним им ги доверил да ги имаат; никогаш не заборавајте за добрините и благодатите што ги имате од овој народ и од оваа земја; постојано сеќавајте се за отворените врати на Католичката црква и срдечноста на која наидувате кај браќата Хрвати."*

Управниот одбор на МПЦО „Св. Злата Мегленска" од Загреб им се заблагодарува на фирмите и поединците кои дадоа огромен придонес за достојно да го обележиме овој историски настан. Исто така, голема благодарност до браќата и сестрите од црковните општини во Сплит, Пула, Риека, Словенија, Австрија, Швајцарија и Италија, кои поминаа стотици километри со цел заеднички да ја споделиме радоста за ова богоугодно дело.

Се надеваме дека сите ние со заеднички сили наскоро ќе овозможиме да се собереме на осветување на изградениот објект на Македонската православна црква во Загреб.

Марија Георгиева-Петриќ







# Рационално трошење и пронаоѓање донациски средства



На 12 октомври Управниот одбор на Заедницата на Македонците во РХ ја одржа својата 8. седница. Претседателот Илија Христодулов му честита на новоизбраниот претседател на МКД „Браќа Миладиновци“ од Осиек, Борис Трајановски, а потоа гостите од УО на МПЦО „Св. Злата Мегленска“, Зорица Локас и Елизабета Планиниќ ја изложија програмата на свеченоста за поставувањето камен-темелник за изградба на првата Македонска православна црква во Загреб, закажана за 26 октомври, повикувајќи ги друштвата и ЗМРХ на соработка.

Се усвоија дневниот ред и записникот од 7. седница, со одлука во иднина материјалите за седниците на УО на ЗМРХ да не се доставуваат по редовна, туку по електронска пошта. Информаторот беше подготвен од сите друштва и од ЗМРХ. Мирјана Мајиќ информираше дека во рамките на *Деновите на македонскиот филм* во Задар, ќе се прикаже документарниот филм *Придонес на Македонците во Татковинската војна* на Советот на МНМ за Град Загреб.

По пристигнато известување од Советот за националните малцинства на РХ, се информираше дека оваа година не треба да се доставува квартални финансиски извештај. Но, извештајот на ЗМРХ беше уредно и навремено изработен и едногласно усвоен од членовите на УО. Се информираше и за финансиската состојба на ЗМРХ до крајот на годината, при што се предвидува дека на жиро сметката за Советот нема да останат средства за пренос во идната година. Како сè уште не се знае дали нè очекува и ребаланс до крајот на годината, повторно се апелираше на рационално трошење и пронаоѓање донациски средства. Членот на Советот за националните малцинства на РХ, Ангел Митревски, информираше дека се во подготовка новите Критериуми од Советот за утврдување финансиска потпора за програмите на малцинствата, а Јавниот повик за предлагање програми за 2015 г. се очекува да биде објавен на почетокот на ноември. Се информираше и дека на Јавниот повик за пријава на програми за Град Загреб од Градската канцеларија за образование, култура и спорт, од ЗМРХ се аплицираше за претставување на книги од македонски автори во Загреб.

Дискусии се водеа и за претстојните програми *Ден на ЗМРХ*, *Рацинов ден – Бели мугри* и *Ден на глаголицата*. Се договори првите две манифестации да се одржат заедно на 29 ноември во Самобор, а третата на 15 ноември во Пула. Исто така, беше одлучено на 16 октомври потпретседателот Благој Штерјов и секретарот Елизабета Петровска да одат во Нова Градишка и да му оддадат почит на Тоше Проески.

За вршење на пописот на имотната состојба на ЗМРХ за 2014 година се именуваше пописна комисија од три члена: Ивана Лазаревска, Цветко Поповски и Олга Чичек. За барањето на Македонскиот културен форум од Пула за прием во членството на ЗМРХ, а со оглед на тоа дека ЗМРХ има МКД член од Пула, УО зазема став дека моментално во оваа кризна ситуација не може да донесе конечна одлука „за“ или „против“ прием на Македонскиот културен форум во членството на ЗМРХ, туку ќе се причека на поцврсто огранизациско, културолошко и друштвено поврзување на сите Македонци во Истарска жупанија, односно во Пула. На крајот, претседателот Илија Христодулов информираше за заминувањето на проф. д-р Васил Тоциновски, раководител на Лекторатот за македонски јазик при Филозофскиот факултет во Риека и се донесе одлука да му се додели благодарница за придонес и афирмација на ЗМРХ.

Е. П.

# Само квалитетни програми ќе добиваат пари од државата

*Според новите критериуми за доделување на финансиска помош од страна на буџетот на РХ за програми на невладини здруженија и установи на националните малцинства пријавени на конкурс за остварување на културна автономија, битен е квалитетот на програмите, а не бројот на малцинството*



Советот за националните малцинства на Република Хрватска, како највисоко тело на националните малцинства во земјата, на 10 октомври ја одржа својата 59. седница. Меѓу останатите теми на оваа важна седница беше Информацијата од состанокот со Програмскиот совет на ХРТ кој беше одржан на 18 септември оваа година и на кој беа разгледани неколку проблеми кои се од голема важност за сите малцинства. Освен тоа, во поголемиот дел од состанокот се разговараше за предлогот за донесување на Нови критериуми за доделување на финансиска помош за програми на невладини здруженија и установи на националните малцинства, пријавени на конкурс на Јавниот повик за предложување на програми за остварување на културна автономија кои ќе се суфинансираат со средства на Државниот буџет на Република Хрватска.

По исцрпната расправа со неколку измени се усвоија новите критериуми за доделување на финансиска помош за програми на невладини здруженија и установи на националните малцинства пријавени на конкурс на Јавниот повик за предложување на програми за остварување на културна автономија, во кои се утврдени некои приоритети. Пред сè, беше речено дека бројноста на едно малцинство е битна за неговото претставување, но не и за распределбата на финансиските средства за што е битен квалитетот на предложените програми, а не самата бројност.

За распределба на средствата што ќе се добијат од Државниот буџет на РХ Советот ќе формира независна комисија која ќе ги прегледа сите предложени програми кои ќе се отвораат комисиски. При распределбата ќе се гледа дали одредени програми и проекти ги задоволуваат општите и посебните критериуми кои се наведени во овој предлог, а кои се наоѓаат на веб страницата на Советот. Како и минатите години ќе се одобруваат средства за информирање, издаваштво, културен аматеризам и за културни манифестации. Посебни услови се предвидени за програмите кои произлегуваат од билатералните спогодби и договори кои ги има склучено Р. Хрватска со некои држави.

Уште една точка од дневниот ред на овој состанок е многу битна за сите национални малцинства. Се работи за стапување на сила на новиот Закон за здруженијата во РХ на 1 октомври 2014 година, со кој се воведени многу измени во правната регулатива на сите здруженија, па така и на малцинските, а што е уште поважно веднаш е даден и рок за усогласување на сите здруженија со новиот закон до 1 октомври 2015 година. Сите здруженија, па и на припадниците на националните малцинства, ќе мораат да ги извршат бараните усогласувања до овој рок, или ќе претрпат одредени законски санкции.

Биљана Митревски

# Во Хрватска го имав најголемото богатство – пријателите

*Проф. д-р Васил Тоциновски е првиот водител на Лекторатот по македонски јазик во Риека. Истакнат научен работник, истражувач на македонската литературна историја, еден од најплодните современи македонски писатели. Тој одлично се вклопи како во академските кругови во Хрватска, така и во македонската дијаспора. Стана еден од најпочитуваните членови во Заедницата на Македонците во Хрватска, а повод за разговорот со него е неговото заминување од Риека во Скопје*



**Вашето име се врзува со самите почетоци на Лекторатот по македонски јазик во Риека, од 2008 година. Праксата покажа дека токму овој Лекторат стана најголемиот македонистички центар во светот. На што се должи тоа?**

Лекторатот по македонски јазик на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Риека е проект на проф. д-р Горан Калоѓера. Неговиот извонредно добро осмислен концепт е првиот чекор поврзан не само за почетокот на академската 2008/2009 година, туку и со 102 студента кои му ја додадоа карактеристиката на најголем македонистички центар во светот. Тоа го потврдија и сите изминати шест учебни години со вкупно 1.244 студенти. Покрај македонски јазик во двата семестра во зимскиот се предаваа предметите Македонска литература на 19. и 20. век и Македонска култура и цивилизација, а во летниот Монографски пристап кон теми од современата македонска литература. Мојот избор како предметен професор исто така, беше барање од професорот Калоѓера. Јас ја сакам својата работа и секогаш се трудев тоа да биде остварено на најдобар можен начин. Потврда повеќе за тоа се дваесеттината одлично одбранети завршни и дипломски работи.

## Македонски јазик академски хит кај младите

**Од каде толкав интерес за изучување на македонскиот јазик во Хрватска, кој стана своевиден академски хит меѓу младите?**

Традицијата и континуитетот се клучни прашања во егзистенцијата и афирмацијата на секој народ. Македонско-хрватските врски имаат повеќевековни традиции кои мислам нема да претерам ако кажам дека се пример за светот како два народа можат да се почитуваат, сакаат и соработуваат. Притоа во таа смисла пресудни се акциите на Константин Миладинов, Константин и Андреја Д. Петкович, Георги Капчев, Кочо Рацин, периодот меѓу двете светски војни, кои ги разгласувале вистините за Македонија. Таа љубов и денеска младите посебно ја негуваат во односот кон Тоше Проески. Македонскиот јазик е ретко убав и мелодичен, па така е предизвик и за другите македонистички предмети. Како илустрација: нив во академските 2010/2011 година ги слушале 264, а во 2011/2012 година ги посетувале 275 студенти. Мојa порака до студентите беа мислите на Мисирков и на Конески дека мајчиниот јазик треба да се сака како што се сакаат својот народ и држава, дека додека го имаме својот јазик ја имаме и татковината. Тоа е и порака и предизвик.

**Со Вашето заминување во Скопје, студентите, а и самата македонска заедница ќе почувствуваат една голема празнина. Вие, за овие неколку години, се**



**потврдивте како докажан член и на академската заедница и на Заедницата на Македонците во Хрватска.**

Несебично ми беа отворени сите врати и јас само се потрудив да одговорам на новите предизвици. Во академската заедница со настапи на промоции, дебати и научни собири, во Хрватското книжевно друштво како потпретседател и уредник во редакцијата на списанието *Književno pero*, во МКД *Илинден* како член на Управниот одбор и пошироко во Заедницата на Македонците во Република Хрватска, меѓу другото како член на Редакцискиот одбор и дописник од Риека на *Македонски глас*. Бескрајна благодарност до сите зашто така го имав најголемото богатство – пријателите.

## Историја на пријателство

**И додека се наоѓаме во ситуација некои да ни го оспоруваат нашето име и нација, хрватската страна секогаш покажувала пријателски чувства и респект кон Македонија, Македонците и македонскиот јазик. Како Вие го доживувате тоа?**

Историјата на пријателство и соработка меѓу двата народа никогаш не била оптоварена со отворени прашања и дилеми, непријателства или должнички односи. Македонија и Хрватска немале заедничка граница која сама по себе наметнува бројни проблеми. Оттука и нема поголема привилегија успешно да ги остварувате своите човечки и професионални обврски во земја во која се чувствувате слободен и среќен.

**За време на Вашиот престој во Хрватска напишавте и неколку книги, што беа претставени пред хрватската, но и македонската јавност. Што проф. Васил Тоциновски во моментот подготвува, со што ќе ја изненади јавноста?**

На Заедницата на Македонците во Република Хрватска како издавач за 2015 година, и ја понудив книгата книжевно-историски студии *Лов на елени*. Интерес на проследување, толкување и вреднување се книжевните, јазичните и културните македонско-хрватски врски во периодот од втората половина на 19. век до денешни дни.

**И за крај, какво е Вашето хрватско искуство од овие последни неколку години? Со какви впечатоци се враќате дома?**

Животот е еден и единствен. Но, затоа пак тој си има повеќе значајни периоди кои трајно се врежуваат во животните и творечки врвици на човекот. Еден таков дел се и моите седум риечки години.

Милена Георгиевска



# Националните малцинства во медиумите и натаму маргинализирани

*Александар Толнауер, претседател на Советот за националните малцинства на РХ, укажува на проблемот дека сè уште не е освестено прашањето за националните малцинства и медиумите. Истакнува дека на посреден начин, со програмска гетоизација на малцинствата се создава слика на паралелно опитество*



Националните малцинства во јавните медиуми и натаму се малку застапени. За разлика од јавните медиуми, комерцијалните немаат законска обврска за следење на активностите на националните малцинства, но и покрај тоа некои од нив редовно ги пратат случувањата, па дури и во некои сегменти повеќе отколку јавните медиуми, кои имаат законска обврска тоа да го прават. Сето тоа зависи од уредувачката политика и од нивниот специфичен интерес.

Ваквото свое мислење го изнесе во разговор за списанието „Новинар“, претседателот на Советот за националните малцинства на РХ, Александар Толнауер. Тој додава дека и тие медиуми кои што ги регистрираат повремено активностите на малцинствата, за жал, сè уште површно ги обработуваат темите, како што се некои скандали или конфликти во малцинските заедници.

- Локалните медиуми не прифаќаат емитирање емисии на малцинските јазици без посебно суфинансирање. Фондот за поттикнување на плурализмот и разновидноста на медиумите профункционира, но под прашалник се критериумите. До денес не се знае кои малцински емисии се финансираат и со колку средства. Не е објавено ни т.н. мапирање на групираноста на националните малцинства, како би се дефинирале локалните медиуми кои би требале да емитираат емисии на јазиците на малцинствата, посочува Толнауер во разговорот за „Новинар“.

Тој укажува на проблемот дека сè уште не е освестено прашањето кога станува збор за националните малцинства и медиумите, па на посреден начин, со програмска гетоизација на малцинствата, се создава слика на паралелно општество.

Толнауер гласно повикува дека националните малцинства не се никакво паралелно друштво и тоа треба јасно да се истакне. Натаму посочува и дека медиумските содржини, емисии и програми кои најмногу се врзуваат со малцинствата по многу работи имаат токму гетоизирачки ефект, кој создава привид за малцинствата како паралелен, а не интегрален општествен ентитет.

Претседателот на Советот за националните малцинства потенцира дека приказната трае со години и дека покрај декларативната подготвеност проблемот да се превлада, тој и натаму се провлекува.

„Нашите јавни медиуми сè уште немаат доволно знаење и осмислени стратегии како да пристапат кон мултиетничко и мултикултурно општество кое е оптоварено и со позитивни и со негативни аспекти. Тоа не е важно само за националните малцинства, туку за било кое малцинство во некое општество“, вели Толнауер и заклучува дека на проблемот со малцинствата мораме одговорно да му пристапиме и да започнеме да менуваме некои парадигми.

Милена Георгиевска



UGO COOL SERVIS j.d.o.o



Specijalizirani servis za održavanje, ugradnju i servisiranje ugostiteljskih aparata (rashladnih komora, hladnjaka, klima uređaja, konvektomata, perilica posuđa, kuhinjskih napa, električnih i plinskih štednjaka i pećnica, aparata za kavu te ostale ugostiteljske opreme)

Tel.: ++385 1 6040 103; Faks: ++385 1 6040 100; E-pošta: ugocool@icc.hr; Mob.: 099 676 2859

# Прослава на националните малцинства во Загрепската жупанија





Загрепската жупанија брои осум национални малцинства, а седум од нив (Албанци, Босанци, Црногорци, Чеси, Унгарци, Македонци и Срби), се претставија на *Денот на Координацијата на советите и претставниците на националните малцинства во Загрепската жупанија*, што се одржа на 11 октомври во ресторанот *Феникс* во Старо Чиче, Велика Горица.

На штандовите пред ресторанот беа изложени списанија, книги и разни јадења од нивната национална храна. На македонскиот штанд, претставничката на МНМ за Загрепската жупанија, Соња Хабуш, на гостите им понуди домашен ајвар и лутеница, македонско вино и мастика, а беа изложени и примероци на *Македонски глас.*

Свеченоста ја водеше драмската актерка Костадинка Велковска, а ја отвори претседателот на Координацијата, Имбро Беркеш, со промоција на книгата *Националните малцинства во Загрепската жупанија* од Славица Шаровиќ. Заменикот на жупанот, Рудолф Вујевиќ, претседателот на Жупаниското собрание, Дражен Бошњаковиќ и уредникот Беркеш ја истакнаа потребата за книгата, бидејќи темата е мошне скромно застапена во издаваштвото, а малцинствата се составен дел од хрватското општество.

Меѓу гостите беа амбасадорката на РМ во РХ, Даниела Караѓозоска, амбасадорите на Албанија и Косово, собраниската застапничка Весна Фабијанчиќ-Крижаниќ, заменикот на градоначалникот на Велика Горица, Стјепан Кос, претседателот на Советот на МНМ за Град Загреб, Томе Апостолоски, потпретседателот на ЗМРХ и претседател на МКД „Охридски бисер“, Благој Штерјов, претседателката на МКД „Билјана“ од Задар, Мирјана Мајиќ, претседателката на Хрватско-македонското друштво, Јудита Реј Худечек и други.

Малцинствата на свеченоста настапија со рецитали, народни песни и игри, а македонското малцинство го претстави етно групата *Езерки*. По службениот дел, збогатен со раскошна трпеза и одлична атмосфера, гостите продолжи да ги забавува групата *„Старе сјене“.*

Е. П.





# Македонија прослави 20 години на пријателство и соработка







Македонија оваа година на 15 октомври беше домаќин на случување кое ги собра сите важни имиња од дипломатскиот кор од 19 земји. Се работеше за свеченост по повод 20-годишнината од воспоставувањето дипломатски односи со Швајцарија, Лихтенштајн, Русија, Белгија, Јапонија, Чешката Република, Словачка, Киргистан, Виетнам, Боливија, Шпанија, Унгарија, Луксембург, Египет, Португалија, Ирска, Светата столица, Австрија и Узбекистан. Свеченоста се одржа во Македонскиот народен театар, а по самото отворање говор одржа министерот за надворешни работи, Никола Попоски. Тој истакна дека од самото воспоставување на дипломатските односи, Македонија до денес, со овие држави има одлична соработка и пријателство и континуирано заеднички се борат за подобрување на заедничката иднина, за зацврстување на меѓусебната доверба и имаат големо разбирање за проблемите на секоја од државите. Попоски рече дека е несомнено важно да се признае важноста на овие дипломатски односи и колку тие се унапредени од самиот почеток, а доказ за тоа се и сите предизвикувачки моменти и проблеми кои успеале заеднички да ги пребродат. Македонија во континуитет придонесува за промоцијата и заштитата на човековите права и слободи како членка на Советот за човекови права на Обединетите нации, истакна Попоски.

Како дел од забавната програмата настапи Националниот ансамбл за народни песни и игри „Танец“ со колаж од музички нумери и игри од земјите на јубилејот. Присутните беа воодушевени од богатството на ноти и движења во карактеристичен македонски стил кои го понудија членовите на „Танец“.

Е. К. К.

# Универзитетска соработка на релација Задар-Тетово

Задарскиот Универзитет оваа година доби уште еден партнер и со тоа ја продолжи традицијата на соработка со други универзитети надвор од Хрватска. Овој пат станува збор за Државниот универзитет во Тетово. Ректорот на овој универзитет проф. д-р Вулнет Амети и ректорот на Задарскиот универзитет проф. д-р Анте Углешиќ на 8 октомври во Тетово потпишаа договор за соработка. Државниот Универзитет во Тетово до сега има потпишано слични договори за соработка со други универзитети од Македонија, но и надвор од неа, како што е со универзитети од Косово, Болоња и многу други.



Задарскиот универзитет исто така има склучено голем број на договори со универзитети од целиот свет, како што се оние во Шпанија, Унгарија, Италија, Полска, Чиле, САД, Словенија, Франција, а на листата е секако и државниот универзитет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, со кој Задар веќе долги години има одлична соработка.

На обострано задоволство Договорот за соработка е потпишан на 5 години со можност за продолжување, а подразбира размена на информации, искуства, студенти, организација на студентска пракса, семинари од различни сфери и слично.

Државниот Универзитет во Тетово е единствениот државен универзитет на албански јазик во Македонија. Во својот состав брои 11 факултети, 47 студиски програми и 95 насоки. Го посетуваат повеќе од 16000 студенти. Ваквиот договор за соработка би значел остварување на заеднички активности и соработка во наставата и науката. На Задарскиот универзитет не постои катедра за албански јазик, па ова би била одлична можност за проширување на програмата на овој јазик.

Елена Кипровска Кнежиќ

# Браво и бис за Македонската филхармонија во Загреб





На 6 октомври во концертната сала „Ватрослав Лисински“ во Загреб, со бурни аплаузи и овации од љубителите на симфониската музика беше поздравено гостувањето на Македонската филхармонија, која по пауза од 15 години со својот настап го отвори најстариот загрепски концертен циклус *Свет на музиката*. Со концертот воедно беа одбележани и два престижна јубилеја – 70 год. од постоењето на Македонската филхармонија и 40 год. од постоењето на овој циклус на Концертната дирекција Загреб.

Македонската филхармонија како вистински амбасадор на македонската музичка култура и како единствен и незаменлив претставник на симфониското музицирање во Македонија, соработува со бројни диригенти и солисти. Оркестарот го предводеше диригентот Борјан Цанев, а виртуозниот солист, виолончелистот од Германија Даниел Милер-Шот, звучеше сензуално, но и супериорно со врвната интерпретација на маркантниот, ефективен и романтично-патетичен *Концерт за виолончело и оркестар во д-мол* од францускиот композитор Едуард Лало. Милер-Шот свири на инструмент наречен *Екс Шапиро* од 1727 година, изработен од Матео Гофрилер, најпознатиот венецијански мајстор за виолончела.

Под искусната палка на маестро Цанев, енергично звучеше и вториот дел од концертот, оркестралната изведба на мошне комплексните дела, *Прелудиум* од македонскиот композитор Панде Шахов, симфониската поема *Дон Жуан* од Рихард Штраус и живописната *Танц свита* од Бела Барток. За оваа сложена, но атрактивна концертна програма од нивниот богат музички репертоар, Македонската филхармонија заслужено доби големо браво од публиката која не им дозволуваше без бис да ја напуштат сцената. А „шеќер на крајот“ беше брилијантната изведба на кусото и впечатливо дело *Пијан танец – Пајдушко* од македонскиот композитор Сони Петровски, кое успешно го пренесе изворниот македонски мелос и ги разигра сите присутни.

Во полното загрепско гледалиште имаше и многу Македонци, а меѓу присутните беа и македонската амбасадорка во Хрватска, Даниела Караѓозоска и заменик-министерот за култура на Македонија, Драган Недељковиќ, кои по концертот изјавија дека импресиите се одлични и дека се надеваат на уште многу вакви успешни гостувања.

Е. Петровска







# Стота емисија на „Македонска ура“



*Македонците од Задар не престануваат да изненадуваат со своите активности и посветеноста во сè што организираат. Таа нивна упорност и љубов која ја вложуваат во секоја од понудените програми секогаш дава плод, а доказ за тоа овој пат е и јубилејот на 100-та радио емисија „Македонска ура“ која редовно се емитува на брановите на Радио 057 од Задар. Најголем виновник за оваа успешна радио емисија е Мирјана Мајиќ која секогаш се труди на оригинален начин да им ја доближи Македонија на хрватските слушатели, што беше повод и за разговор со неа*

Дали се работи за македонските обичаи, места или пак за традиционални македонски рецепти, Мирјана Мајиќ, претседателка на МКД „Билјана“, несебично споделува информации со слушателите кои барем малку го доловуваат македонскиот дух и обичаи. Стотата емисија се прослави во октомври каде повторно Мајиќ успеа да го изненади водителот Елвис Папиќ и останатите соработници на емисијата со приготвена македонска карактеристична храна. Уживањето беше неминовно, а емисијата како и секогаш беше проследена со македонска поп и рок музика во која слушателите докажано уживаат. Обострано е задоволството и на Друштвото „Билјана“ и на слушателите на Радио 057, па затоа емисијата ќе продолжи да се емитува и да пренесува позитивни македонски вибрации.

**Дали кога прв пат ја започнавте емисијата „Македонска ура“ верувавте во нејзиниот успех и дека ќе стигнете до тука, да го славите нејзиното 100-то емитување?**

Искрено можам да кажам дека длабоко верував во успехот на оваа емисија. Ние Македонците од Задар сме одлично прифатени. Од самиот почеток на емисијата имав впечаток дека сме одлично прифатени и од екипата на Радио 057 и од самите слушатели, па природно следеше и одлична соработка со целиот тим.

**На кој начин ја организирате емисијата, кој ја осмислува?**

Емисијата ја водиме водителот Елвис Папиќ и јас, но целосно е осмислена од моја страна. Елвис ја најавува емисијата и ја бира забавната македонска музика, изведувачите и жанрот.

**За кои теми најмногу зборувате во емисијата?**

Најмногу зборувам за убавините на Македонија, бидејќи сакам да им ја доближам таа прекрасна земја на хрватските слушатели. Потоа зборувам за активностите на нашето Друштво, но и на сите останати македонски друштва кои дејствуваат во Хрватска. Се трудам да ги претставам и македонските обичаи за македонските верски празници, а неизоставен дел од емисијата се и рецептите за традиционалните македонски јадења. Емисијата е навистина одлично прифатена и има голем број на слушатели, доказ за тоа се и коментарите на луѓе од соседството или од местата каде пазарам кои ми го препознаваат гласот на радио и од кои добивам комплименти за емисијата. Радио 057 е најслушаното радио во Задар и Задарска жупанија, а терминот во кој оди нашата емисија е совршен, бидејќи во недела во 16:30 часот обично нашите сограѓани се дома и уживаат во радио и телевизиски емисии.

**Се сеќавате ли на првата емисија?**

Првата емисија ја започнавме со нашиот ангел Тоше Проески, бидејќи првата емисија отиде во етер токму на денот на неговата несреќа. Од тогаш, секоја година на тој датум 16 октомври емисијата му ја посветуваме току нему и ја слушаме неговата музика. И оваа

100-та емисија, исто така беше посветена на Тоше.

**Какви се вашите планови во врска со емисијата?**

Иако радиото добива мала помош од државата, тимот на Радио 057 е презадоволен од нашата соработка и сакаат емисијата да продолжи да се емитува. Имаме желба да стигнеме и до 200 емисии, но нема толку да чекаме за да се почестиме повторно со македонски специјалитети, затоа што ако зборуваме за македонски рецепти тогаш фер е и да ги пробаме истите.

**И за крај, после толку години работа во Друштвото и како претставник на Македонците во Задарска жупанија, што мислите за нашиот статус во Задар и соработката со хрватските институции?**

Сметам дека нашето малцинство е најприфатено во Задар од страна на градот и неговите претставници. Имаме најмногу активности. Многумина слушајќи го радиото на шега ми велат дека би можела да бидам и туристички водич во Македонија покрај другите активности со кои ја промовирам нашата земја. Верувам дека сме добар и гостопримлив народ кој многу изразува преку песна и верувам дека секогаш нè памтат по добро.



Елена Кипровска Кнежиќ

# „Придонес на Македонците во Татковинската војна“ пред задарската публика



После својата премиера во Загреб и Скопје, филмот „Придонес на Македонците во Татковинската војна“ премиерно беше прикажан и во Задар. Проекцијата на филмот се одржа во Научната библиотека, а на случувањето присутни беа освен многубројните членови на Друштвото и претставници на МОРХ од Задар, како и претставници на здружението „Бедем на љубовта“. И претставниците од другите национални малцинства од Задар покажаа голем интерес и за ова случување. Мирјана Мајиќ пред почетокот на проекцијата ги поздрави гостите и кажа неколку збора во врска со филмот, а веднаш потоа песната „Да заборавам“ ја прочита Надица Жампера, членка на литературно-драмската секција на „Билјана“.

За добрата атмосфера се погрижи Иван Андријевиќ кој е водител на музичко-инструменталната секција, а за оваа прилика подготви сплет од македонски песни.

Филмот остави голем впечаток врз присутните, а уште пред неговото прикажување пробуди голем интерес кај хрватските медиуми. Случувањето се заокружи со пригоден коктел на кој присутните имаа можност да поразговараат за своите импресии од филмот.

Е. К. К.

# Седум години минаа, тагата и болката останаа





*Нашиот Тоше го нема, но сепак, ни остануваат убавите спомени – песните, концертите, хуманоста и најважното од сè, бескрајната љубов што несебично ни ја даруваше*

Има ли уште нешто да се каже за нашиот непрежален Тоше Проески, а да не е веќе кажано? Во овие седум тажни години, со илјадници зборови се спомнуваше делото на човекот кој ги рушеше границите меѓу луѓето и ги спојуваше во своето отворено срце. Зашто кога ќе го изгубите оној што го сакате, живеете за да се сеќавате на него. На тој начин му се оддолжувате и го величате неговото постоење.

Заедницата на Македонците во РХ и МКД „Охридски бисер“ од Загреб го одбележија споменот на македонскиот славеј Тоше Проески кој прерано го загуби својот живот, со организирање средба на 15 октомври 2014 година во просториите на ЗМРХ. Се собраа голем број членови и пријатели, луѓе кои го сакаа и ценеа, меѓу кои беше и македонската амбасадорка во Хрватска, Н.Е. Даниела Караѓозоска. Со едноминутно молчење му оддадовме почит, се потсетивме на некои негови размислувања и мудрости, на стихови од песни, на доживеани случки... ако тоа воопшто и може некогаш да се заборави...



Утредента, на тој кобен 16 октомври кога пред седум години Тоше засекогаш нè напушти, македонската амбасадорка во Хрватска, Н.Е. Даниела Караѓозоска, секретарот на Заедницата на Македонците во РХ, Елизабета Петровска и секретарот на МКД „Охридски бисер“ од Загреб, Виолета Штерјова, ја посетија Нова Градишка каде што беа примени од заменик-градоначалникот Дарио Бан со неговите соработници. Во едночасовниот разговор што се водеше, особено се истакна благодарноста



## Венци свежо цвеќе на споменикот на Тоше










до градот и граѓаните на Нова Градишка за сè што сторија за Тоше.

Веднаш потоа, тие го посетија споменикот на Тоше Проески, каде што положија венци свежо цвеќе и запалија свеќи во знак на сеќавање на овој голем музичар. Во придружба на Тереза Ргиќ, претставничката на Меѓународната фондација „Тоше Проески" – Крушево, го посетија и новоградишкото Електротехничко и економско училиште и ѝ врачија благодарница на директорката Марија Петричевиќ за грижата и одржувањето на споменикот.

Во животот постојат нешта врз кои, за жал, не можеме да влијаеме. Но, иако времето си минува, некои работи не може да ги избрише. Колку повеќе минува толку повеќе печат солзите. Од година во година тагата и болката се сè поголеми. Празнината во душата е длабока како вечност. Ќе можеме ли некогаш да најдеме утеха? Се сомневам... Нашиот Тоше го нема, но сепак, ни остануваат убавите спомени – песните, концертите, хуманоста и најважното од сè, бескрајната љубов што несебично ни ја даруваше. Засекогаш ќе живее во нашите срца неговото искрено и топло „Ве сакам сите!". Ти благодариме Тоше!

Е. Петровска

# Ин мемориам Тоше Проески

Во организација на градот Нова Градишка и Туристичката заедница на Нова Градишка, а во соработка со Заедницата на Македонците во РХ и Ракометните ветерани на Нова Градишка, годинава по седми пат се одржа „Ин мемориам Тоше Проески". На 13 октомври наутро во 6.05 часот стартуваше ултра маратонот во чест на Тоше Проески, кој од стадионот на НК Слога во Нова Градишка до Гумење во Крушево го истрчаа 16 македонски спортисти предводени од Наум Капричевски.

Меморијалниот ветерански ракометен турнир се одржа на 18 октомври во спортската сала на Електротехничкото и економско училиште. Со домаќините од Нова Градишка и екипата на ракометни ветерани од Македонија кои учествуваат по четврти пат, на турнирот гостуваа и две посебно креирани неслужбени екипи, т.н. репрезентации на Екс Југославија и на Славонија. Натпреварите се играат во спомен на Тоше и резултатот е секогаш во втор план, иако македонската екипа и овој пат беше најдобра. Наместо пехар, сите играчи од победничкиот тим добија по едно мало лицитарско срце како симбол на искрено пријателство.





# Вечер на харизма и позитивна енергија







*Публиката во преполното гледалиште евидентно уживаше во посебноста и уникатноста на талентот и традицијата на учесниците*

Веќе неколку години наназад традиционално со културна манифестација се прославува *Денот на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб*, со кој воедно се обележува и *11 Октомври – Ден на антифашистичкото востание на Република Македонија и Ден на борецот*. Манифестацијата се одржа на 10 октомври, во Меѓународниот центар за услуги во културата во Травно, Загреб, а со пригоден говор ја отвори претседателот на Советот, Томе Апостолоски.

-Драги Македонки и Македонци, пријатели и гости, ве поздравувам и ви посакувам пријатно да се чувствувате и во добро расположение да ви мине оваа вечер, поздрави Апостолоски по интонирањето на хрватската и македонската химна. Во воведот се осврна на бројните активности што Советот ги реализира годинава, при што особено ги истакна снимањето на документарниот филм *Придонес на Македонците во Татковинската војна на РХ* и *Летната школа по македонски јазик* во Охрид каде беа 15 ученици од Загреб.

## БРОЈНИ ГОСТИ

Водителка на програмата беше Марија Георгиева-Петриќ, а меѓу присутните на манифестацијата беа и македонската амбасадорка во Хрватска, Даниела Караѓозоска, претставникот на градоначалникот на Град Загреб, Жељко Заниновиќ, членот на Советот за националните малцинства на РХ, Ангел Митревски, потпретседателот на Советот на градската четврт Нови Загреб – исток, Драгутин Лацковиќ, претставничката на македонското национално малцинство за Загрепската жупанија, Соња Хабуш, почесниот претседател на Заедницата на Македонците во РХ, Никола Гроздановски, претседателот на МКД „Охридски бисер“ од Загреб, Благој Штерјов, претседателката на МКД „Билјана“ од Задар, Мирјана Мајиќ, претставници на националните малцинства за Град Загреб, на македонски културни друштва и други.

Следеше видео проекција на песната *Цанче*, со музика и текст од Енвер Рашити, а во изведба на Петар Нечовски, која го освои 3. место на овогодишниот *Охрид фест*. Манифестацијата беше збогатена со настапот на децата од изборната програма по македонски јазик во ОУ „Никола Тесла“ Загреб, кои под водство на наставничката Деспина Белчовска Велинска ја изведоа претставата *Кој е најдругар?* од Васил Пујоски и Славе Димитров и *Вистинската вредност на прстенот* од Хорхе Букаи, а силен аплауз добија од публиката и кога на претседателот на Советот му подарија рачно изработен колаж со мотиви од престојот во *Летната школа по македонски јазик* во Охрид.

## МУЗИЧКИ КОЛОРИТ

Како дел од културната програма настапи и женскиот вокален етно хор *Чипкице* во името на Македонско-хрватското здружение за промовирање на културните вредности и врски *Спектрум* од Загреб, кои настапија









со македонската *Јовано, Јованке*, меѓимурската *Дробне мале ластавичке* и далматинската песна *Биле ноне*. Потоа следеа настапите на пејачката група *Моми бисерни* и фолклорната група *Китка* во придружба на инструменталната група *Охридски бисер* при МКД „Охридски бисер“ од Загреб. Тие под водство на Сафиудин Алимоски, облечени во македонски колоритни носии, ги изведоа песните *Земјо македонска* и *Доне мамино* и одиграа сплет македонски ора. Како прекрасен завршеток на манифестација беше настапот на женскиот вокален етно состав *Езерки* при Хрватско-македонското друштво од Загреб и песните *Битола*, *Фато мори душманке*, *Лихнида кајче веслаше* и *Елено ќерко*. Тие со својата харизма и позитивна енергија ја надополнија оваа извонредна вечер и целосно ја освоија публиката, која пак, во преполното гледалиште евидентно уживаше во посебноста и уникатноста на талентот и традицијата на учесниците.

Дружењето на присутните продолжи во фоајето со организирана закуска. Заклучок на вечерта беше дека сето богатство, културно наследство, препознатлива автентичност што ги поседуваме, треба сѐ почесто да ги презентираме. Сѐ на сѐ, одлична манифестација која заслужува да се одржува уште многу години.

Е. Петровска



## ЕЛЕОНОРА АПОСТОЛОВА





# Мајсторка на рачно ткаење

Во загрепската галерија *Модулор* на 19 септември беше отворена изложба на рачни ткаенини од Елеонора Апостолова под наслов *Ткаења*. Покровители на изложбата беа Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб и фирмата „Алкалоид“ Загреб. Авторката за љубителите на овој вид уметност презентираше текстилни дела – декоративни ткаења, штофови од чиста рунска волна, таписерии, прекривки, завеси, чаршави, шалови и слично. Делата се изработени од природна волна, памук, вискоза и лен. Ги ткае рачно, а инспирацијата ја пронаоѓа во традиционалното творештво и геометриските форми.

Изложбата ја отвори Бранка Хлевњак, уметник по историја, која е воедно и автор на освртот во каталогот. Таа нагласи дека со поврзувањето на семејното македонско ткајачко наследство и хрватскиот ликовен сензибилитет, Апостолова зазема важно место во подрачјето на уникатното ткаење.

- Уникатниот текстил на Апостолова може и не мора да ви се допаѓа, нејзините ткајачки композиции можете и не морате да ги носите на себе како капут или шал, можете и не морате да ја прекриете фотељата со оригинална и скапа ткаенина изработена од нејзините вешти раце, но никој не може да ги оспори големиот труд, преданост и вештина со која твори оваа мајсторка на рачно ткаење, вели Хлевњак.

Елеонора Апостолова е родена во 1957 година во Неготино. Матурирала на загрепското Училиште за применета уметност, оддел за текстил, а дипломирала на Високата школа за дизајн на текстил и облека во Загреб. Живее и работи во Загреб, а со текстилната уметност – ткаење со декоративен текстил, се занимава повеќе од 25 години. Член е на УЛУПУХ, ЛИКУМ, ЗУХ и ХЗСУ и има статус на професионален уметник. Досега учествувала на повеќе од 20 групни и 12 самостојни изложби.

Изложбата беше отворена до 29 септември.

Е. Петровска

# Борис Трајановски, нов претседател на МКД „Браќа Миладиновци“



И само што помисливме, еве конечно имаме нов претседател и работите тргнаа на добро, во МКД „Браќа Миладиновци“ во Осиек се одржа уште едно вонредно Изборно собрание.

Досегашната претседателка со најкус мандат, Бранка Јањиќ, од лични причини мораше да отстапи од оваа функција, па потребата Друштвото да продолжи со своето редовно работење ја наметна нужноста да се организира уште едно вонредно Собрание.

Подготовките почнаа уште кон средината на август, а собранието се одржа на 13 септември 2014 година. На него бевме поканети сите, не само да гласаме туку и да учествуваме со свои предлози за претседател и претседателство, односно Управен, Надзорен одбор и Суд на честа. Како и во слични прилики до сега, да се дојде до оние кои сакаат активно да придонесат на работењето на Друштвото беше тешко. Но не и невозможно.

На голема радост и олеснување на сите, Борис Трајановски, еден од првите членови на МКД „Браќа Миладиновци“ чие семејство активно придонесува во работењето на Друштвото на различни начини, ја прифати функцијата и одговорноста да биде нашиот нов претседател. „Прифаќам со полно срце, но немам желба да работам сам“, истакна тој. „Друштвото го чиниме сите ние, а не јас како поединец. Ако сте со мене, и јас ќе бидам со вас“, рече на Собранието, а членовите на МКД „Браќа Миладиновци“ својата поддршка на новиот претседател му ја искажаа со аплауз.

Му посакуваме да остане подолго отколку што планира. Му посакуваме добар ветер и добар тим, да успее во своите планови и со тоа нашето Друштво полека да тргне по патот на закрепнувањето кој му е многу потребен.

Јулијана Тешија

# Благодарност со мирис на леб





Дали знаете дека благодарноста мириса? И тоа најубаво, најслатко, најтопло, со мирис на свежо печен леб?

Овој убав празник во Осиек се одбележува секоја година на 15 октомври. Целиот град замирисува на печено лепче: насмеани дечиња трчаат со кошници полни со кифлички и кроасани во своите училишта, вработените во своите фирми, пензионерите во своите друштва.

И нашите членови се подготвуваа за овој прекрасен празник. Од најстаро до најмладо, сите беа вклучени! Оние поумешните ги учеа оние со помалку знаење и вештина, а резултатот беше полна трпеза со најубави пити и лепчиња и кифлички на „Денот на лебот“.

Манифестацијата „Ден на лебот“ во Осиек беше во организација на здружението „Шокачка грана“, а нашето Друштво се претстави со настапот на своите најмлади членови. Настапија и децата – членови на секцијата „Бисерчиња“ со водителката Јасминка Пландер. Тие ја посетуваат и наставата по македонски јазик во ОУ „Вијенац“, која од овој септември ја презеде Јагода Тренеска Цветичанин. Водени од учителките, тие рецитираа различни „Умотворби и поговорки за лебот“ од македонското јазично и културно творештво, а целиот настап го заокружија со песната „Чувајте ја водата“ и солистката Рута Мариа Велешанов.

Нашите бои ги претставија и членките на етно-кулинарската секција „Везилки“ чии мирисни креации веднаш исчезнаа од масите! Уште еден доказ колку се вредни нивните раце!

Јулијана Тешија

# Важно е заедно да работиме, но и заедно да се радуваме

*Новиот претседател на МКД „Браќа Миладиновци“ Борис Трајановски, го красат едноставност и отвореност. Ама и желба да работи. Зашто водата не стои, ама Борис уште помалку*



**Македонец, ама не зборува македонски.**

Да, за жал. Ама тоа не значи дека не сакам да научам! Ќе научам, зашто сè разбирам, и читам кирилица, но никогаш не прозборев. Ни дома, ни со роднините.

**Родени сте во Хрватска или во Македонија? Кажете ни нешто за себе.**

Роден сум во Хрватска, од македонски родители. Татко ми е кочанчанец, а мајка ми битолчанка. Починати се. Ми недостасуваат. Инаку, пензионер сум. Ама не сум (се смее): пензиониран војник, доброволец, инвалид на Татковинската војна во Хрватска. Сега во редовен работен однос во фирмата „Тисак“. Користев пензија околу 1 месец и ќе побудалев од неработење, па се вратив на работа.

**Имате сопруга и четири ќерки. Како е да се живее со пет жени?**

Интересно! Не носам двоцевка кога се враќам дома, ако на тоа мислите (повторно се смее). Доаѓам до збор, ама се обидувам да не им се мешам премногу, оти научив – не можам да ги надгласам. Всушност, имам одличен брак. И брилијантни ќерки на кои сум горд.

**Зошто прифативте да бидете претседател на МКД „Браќа Миладиновци“?**

Со Друштвото сум од неговите почетоци. Можеби не секогаш онолку активен колку што би сакал, но го следев и помагав во неговото работење сиве овие години. Кога во август наминав да им го претставам мојот внук, Ангелчо Илиевски, инаку режисер од Скопје, дознав за ситуацијата и решив да помогнам. Овој пат сериозно, со свој целосен ангажман. Се надевам дека во тоа нема да сум сам... Тимски работник сум. Затоа тесно соработувам со членовите на Управниот одбор, Надзорниот одбор, Судот на честа, со сите водители и водителки на секциите.

**Дојдовте со проект, станавте претседател. Проектот се случи. Кажете ни нешто повеќе за соработката со Академијата за драмски уметности од Осиек и претставата која не очекува во декември.**

Да, споменав дека дојдов со мојот внук Ангелчо Илиевски кој е режисер, прв од четирите кои дипломираа оваа година на Факултетот за драмски уметности во Скопје. Како млад уметник, Ангел сака предизвици. Како негов чичко, сакам да му помогнам. И се роди идејата да се постави „ММЕ кој прв почна“ во Осиек, на хрватски јазик, како праизведба! Веднаш најдовме контакт со Академијата за драмски уметности во Осиек и патот за соработка беше отворен. Она што сега се случува е: студентите на четврта и петта година од Осиек интензивно ја вежбаат претставата која преведена на хрватски јазик ќе биде прикажана во Осиек во декември. Ова е најголем проект од таков тип на МКД „Браќа Миладиновци“ и се радувам што го одбележа почетокот на мојот мандат.

**Кои ви се плановите за МКД „Браќа Миладиновци“?**

Пред сè, немам сопствени планови. Тоа се наши, заеднички планови. Да го одбележиме јубилејниот дваесетти роденден на Друштвото во ноември, да ја прославиме заедно Македонската вечер која оваа година не се случи на пролет заради различни причини, да застанеме на свои нозе и да го продолжиме патот по кој одеше Друштвото сите овие години: достојно претставување на македонската култура во градот Осиек и пошироко. А визиите ми се широки... Ако Друштвото сака заедно да продолжиме да работиме, ќе ни се случуваат убави работи, зашто, членувањето во МКД „Браќа Миладиновци“ треба да биде и многу работа и многу радост.

**За крај, одите ли често во Македонија? Ви недостасува ли?**

Ми недостасува повеќе отколку што успевам да отидам. Не сум бил три години, а кога одам и петнаесет дена ми се малку да ги видам сите роднини, нив 127! А замислете, овде сум сам. Кога одиме многу шетаме, и низ кочанско и низ битолско, до Струга, до Охрид, во Скопје. Насекаде имаме роднини и пријатели. Тоа ми е најголемото богатство кое што го имам.

Јулијана Тешија

# Ден на националните малцинства во Град Загреб






Богатството и разновидноста на фолклорното творештво, културата, традицијата, обичаите, издаваштвото и списанијата, како и специфичностите на своите автентични јадења, припадниците на 18 национални малцинства на Град Загреб ги претставија на 14 септември 2014 година во загрепскиот парк Зрињевац на традиционалната манифестација *Ден на националните малцинства на Град Загреб*, што се одржа под покровителство на градоначалникот Милан Бандиќ.

Претседателот на Координацијата на националните малцинства на Град Загреб, Золтан Балаж Пири, при отворањето на манифестацијата рече дека е ова одлична можност за граѓаните да се запознаат со традициите на малцинствата во главниот град на Хрватска, а присутните во името на градоначалникот ги поздрави неговата заменичка Весна Кусин.

Претставници на македонското национално малцинство на манифестацијата беа Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб и МКД „Охридски бисер“ од Загреб. Во културниот дел од програмата настапија пејачката група „Моми бисерни“, инструменталната група „Охридски бисер“ и фолклорната група „Китка“ под водство на Сафиудин Алимоски со неколку македонски народни песни и ора, а се одржа и ревија на традиционални носии. На штандот пак, се искажа кулинарската работилница со вкусните македонски специјалитети и пијалаци, кои беа толку привлечни за посетителите што ги пробаа и уживаа во нив, па исчезнаа за миг.

И покрај досадниот и упорен есенски дожд, настанот кој има за цел да се прикажат малцинствата како дел од хрватското општество што ја збогатува неговата култура и живот, со својата разноликост и убавина побуди голем интерес кај граѓаните и туристите на Град Загреб.

Е. Петровска

# Македонски колорит во Осиек



Есента оваа година ни подари прво дожд, па исклучително топло сонце. Резултат: комарци! Многу комарци! Откако нè искаса најновата генерација чудовишта што ѕунат, отпорна на „Аутан“, конечно дојде стивнување: паднаа температурите и кон крајот на септември живнаа и членовите на МКД „Браќа Миладиновци“.

Како пчели се развртеа низ Друштвото и охрабрени од новите позитивни промени (новиот претседател тивко, но одлучно почна да работи и тој дух им го пренесе и на членовите), почнаа интензивните подготовки за различни настапи.

Меѓу првите беше гостувањето на МКД „Браќа Миладиновци“ на „Денот на националните малцинства“ во Осиек. Оваа манифестација е исклучително важна за претставниците на сите национални малцинства кои го чинат колоритот на нашиот град. Меѓу нив, со најубави бои сјае нашето Друштво кое оваа година, на 4 октомври, го претставија „Големиот Танец“ и „Вардарки“ придружувани од инструменталистите на „Т’га за југ“. Насмеаните лица, убавите гласови, богатиот танц и музиката беа најдобриот начин да се претстави она што македонската култура му го дава на градот на Драва: топлина и темперамент, ритам и радост.

Јулијана Тешија

# Македонска вкусна вечера за бездомници

МКД „Македонија“ во Сплит е единственото национално здружение од Сплит кое секоја година учествува во хуманитарната акција „О ла ла – 365 вечери“, во текот на која секој ден некој доброволно се пријавува да подготви вечера за дваесетина сплитски бездомници кои имаат можност да пренокат во просториите на здружението „Мост“. Основачите на оваа хуманитарна акција го одредија денот 10 октомври, Меѓународниот ден на бездомниците во светот, како ден на нашето учество во оваа акција.



Како и минатата година на 10 октомври, членовите на МКД „Македонија“ по повод на својот национален празник подготвија пригодни македонски јадења и специјалитети со кои ги почестија бездомниците кои од разни причини се принудени на ваков тежок живот. На менито, покрај традиционалното македонско „тавче гравче“, се најде и селско месо, тава ориз, печени пиперки, сирење, а вечерата беше обогатена со слатки делиции како раванија и македонска баклава. За сите овие специјалитети „дежурни виновници“, како и секогаш беа Јорго Кремиќ, Венка Цанко, Фросина Мавсар, Блага Масачеси и Лидија Ненадиќ.

Необичен, но убав, а пред сè благороден начин да се прослави Денот на антифашистичката борба и Денот на востанието на македонскиот народ – 11-ти Октомври. Што е уште поважно, и секој иден октомври е резервиран за сплитските Македонци како единствено здружение на националните малцинства од Сплит кое учествува во најхуманата акција во Сплит – „О ла ла – 365 вечери“.

Биљана Митревски

# Како храната да стане лек?

Четврта година по ред, воспоставување на една нова традиција или препознавање на интересни предавања во просториите на МКД „Македонија“ во Сплит? Ова се прашања кои се наметнуваат сами по себе, а кои даваат единствен одговор. И едното, и другото. Поради големиот интерес што го предизвикаа сериите на предавања во МКД „Македонија“ на познатиот нутриционист од Сплит Денис Берош во пролетта оваа година, од 3 октомври се одржа повторно уште една серија на предавања.

Дека оваа тема „Здрава храна и здрава прехрана“ со осврт на крвните групи е мошне актуелна, веруваа и членовите на МКД „Македонија“ и самиот Берош, но дека големата сала на МКД „Македонија“ ќе биде исполнета до последно место, не очекуваа ни во најсмелите прогнози. Сепак, медиумски се сè подобро следени, па овие предавања на некој начин ги промовираа и просториите на сплитските Македонци, каде „секој четврток попладне се случува нешто ново и интересно“.



Во овој циклус на предавања, нутриционистот Берош ги изнесе најновите сознанија од областа на прехраната, категоризацијата на различни видови на прехранбени артикли како и лекувањето на одредени болести и пред сè, нивно спречување со соодветен начин на прехрана. Она што го привлече вниманието на помладите учесници на овие предавања е специфичниот начин на прехрана на врвните спортисти и влијанието на истата врз нивните спортски резултати. Постарите пак, повеќе се заинтересирани за тоа како храната да им стане лек, а не лековите да им се храна во староста. Секое предавање завршуваше во доцните вечерни часови, бидејќи Берош трпеливо одговараше на секое поставено прашање, а кога е во прашање здравјето на луѓето, секако дека има безброј прашања.

Биљана Митревски

# „Македонско-хрватска тангента“ претставена во Скопје





*Книгата на авторот Сашо Георгиевски, политиколог и новинар, по неколкуте претставувања во Хрватска, во октомври ја доживеа својата скопска промоција. Книгата беше оценета како важен придонес во развојот на хрватско-македонските односи*

Еден од гласните заговорници на продлабочувањето на македонско-хрватските односи и врски, кој во таа насока доби и епитет на „булдожер“ (како што го нарече амбасадорот Данчо Марковски), е секако новинарот Сашо Георгиевски, кој во последните шест години живее во Хрватска и активно е вклучен во реализација на низа проекти каде во епицентарот се најдоа Република Македонија и Република Хрватска. Дел од ова свое искуство од неговите „хрватски години“ е преточено во неговата книга „Македонско-хрватска тангента“, која на 16 октомври беше претставена пред македонската јавност. Во Салонот 19,19 во Културниот центар во Скопје, за книгата говореа хрватскиот амбасадор во Македонија, проф. д-р Златко Крамариќ, поранешниот македонски амбасадор во Загреб, м-р Данчо Марковски, проф. д-р Снежана Тројачанец, како претставник на Заедницата на Хрватите во Македонија, проф. д-р Васил Тоциновски, како претставник на Заедницата на Македонците во Хрватска, а свое видување од аспект на новинарската фела дадоа Александар Дамовски, главен уредник на порталот МКД.мк и Слаѓана Димишкова уредник во „Вечер“ и претседател на Македонската асоцијација на новинари.

Книгата претставува силен придонес кон градењето на мостови на соработка меѓу македонскиот и хрватскиот народ во разни подрачја на животот. Таа е хроничар и објективен сведок на случувањата од нашите средини и придонесува за јакнењето на меѓусебното разбирање – не само меѓу Македонија и Хрватска, туку и во заедничкиот европски дом.



Авторот Сашо Георгиевски, говорејќи за мотивите и смислата на книгата, го посочи својот невообичаен начин на работа како дописник на македонски медиум (Нова Македонија). Тој ја посочи својата пракса во реализацијата на секоја иницијатива да бидат вклучени двете дипломатски претставништва (македонското во Загреб и хрватското во Скопје) преку мислења на амбасадорите, поздравни пораки и сл., потоа преку двете дијаспори – македонската во Хрватска и хрватската во Македонија, како и бројните институции и личности во двете земји, почнувајќи од претседателите Иво Јосиповиќ и Ѓорге Иванов, кои за промоцијата во Скопје испратија честитки и поздрави до собирот.

Книгата беше претставена како важен придонес во развојот на хрватско-македонските односи, а со надеж дека авторот Георгиевски нема да застане тука, промоторите порачаа македонско-хрватската тангента да продолжи да се испишува и понатаму.

„Македонско-хрватска тангента“ е печатена со средства од Советот за национални малцинства при Владата на РХ со посредство на Заедницата на Македонците во РХ. Скопската промоција беше во организација на Културниот центар „Карпош“, а меѓу покровителите беа Заедницата на Македонците во РХ и Заедницата на Хрватите во РМ.

Милена Георгиевска

## ПАВЛЕ МИЉОВСКИ





# Страстен вљубеник во природата и убавината

На 19 септември во салата на Народниот универзитет Сесвете беше отворена изложба на уметнички фотографии од членот на МКД „Охридски бисер" од Загреб, ресенецот Павле Миљовски. Изложбата под наслов *Древни куќи*, имаше за цел да ја претстави богатата и имагинативна креација на дрвените градби и живеалишта, црквите и капелите, селските куќи и колиби, руралните дворци и чардаци што се распослани на просторот од сесветското Пригорје до великогоричкото Туропоље.

Како страстен вљубеник во природата и убавината, Миљовски преку своите фотографии на дрвената рурална архитектура ни ја пренесува приказната за некогашната нераздeлна врска меѓу човекот и природата. Низ емотивна интерпретација тој едноставните градби ги прикажува како засолништа на топлината со чувство на еден поинаков, победен и поспокоен живот. И човекот му е важен, и тој зборува за срдечноста на селскиот живот. Објективот на авторот бележи, опишува, собира и документира спомени за места каде се преплетува архитектурата на минатото и сегашноста. Неговиот интерес е особено видлив во прикажувањето на дрвените декоративни елементи.

Мотивите во фотографиите на Миљовски се поврзани главно со шумскиот пејзаж, но го интересира и урбаната средина. Спонтан е и аналитичен, фотографиите му се привлечни и допадливи, но даваат и подлабока перспектива. Тој ни ја открива убавината на дивата природа и руралното традиционално градежништво, но истовремено сведочи и за пропаѓањето на овие објекти.

Ова беше дел од излагањето на Славица Дамјановиќ која го претстави авторот и неговите дела.

Отворањето на изложбата беше збогатено со музичките звуци на кларинетот на Јаков Дамјановиќ и клавијатурите на Игор Грегориќ. Посетителите можеа да ги погледаат изложените фотографии до 29 септември.

Е. Петровска

# МКД „Браќа Миладиновци" во Новска

Цели четири столетија откако му посветија црква на својот светец и заштитник св. Лука, граѓаните на Новска секоја година му се заблагодаруваат така што на 18 октомври слават, пеат и се веселат.

Тринаесеттите фолклорни средби се одржаа на 11 октомври, а настапија бројни друштва од цела Хрватска. МКД „Браќа Миладиновци" се претставија со „Големиот Танец" и прекрасната „Билјана платно белеше" во кореографија на водителката на секцијата Мирта Гало.

J. T.



# Нова учебна година во ОУ „Центар“



Во Основното училиште *Центар* во Риека на 17 септември се одржа свеченост по повод почетокот на новата учебна година. Од учебната 2008/2009 година, во ова училиште по „моделот Ц“ се изведува дополнителна настава по македонски јазик. Учениците и гостите ги поздрави директорката Недељка Дебелиќ која што посака весел почеток и успех за децата кои со интерес и љубов го изучуваат македонскиот јазик. Ивона Дуноски Митев, потпретседателка на МКД *Илинден*, со учениците кои се подмладок на Друштвото изведоа културно-уметничка програма со стихотворби и македонски народни песни. Наставничката Наталија Лековска, која што ја изведува настава, говореше за Летното училиште на Шолта проследено со богат видео материјал. Поздравна реч имаше и Михаило Давчевски, претставник на македонското национално малцинство за Приморско-горанската жупанија. Говореше за потребата да се учи и негува мајчиниот јазик на бабите и дедовците, на мајките и татковците. Така тие ќе бидат следбеници и членови на МКД кои ќе ги негуваат традицијата и континуитетот на Македонија. Децата како подарок ги добија и учебниците по македонски јазик и по литература и граматика, први изданија од ваков вид на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, што ги врачи претседателот на Заедницата, Илија Христодулов.

В. Т.

# Рождество на пресвета Богородица Марија

На 20 септември во просториите на македонската заедница во Риека протојереј Кирко Велински, по повод големиот празник Рождество на пресвета Богородица Марија, благослови и освети десет икони. Тие се подарок од МПЦ за Македонската црковна општина на *Св. цар Константин и царица Елена* во Риека. Пресвета Богородица е родена во Назарет. Нејзините родители Јоаким и Ана кои ги краселе морална чистота и побожност биле припадници на благороднички род. Постојано се мoлеле Господ да им подари дете на кое би му се посветиле. Во една прилика ангелот Господов и се јавил на Ана со порака дека ќе роди ќерка која треба да ја крсти Марија.



На годината ја добиле ќерката која што Господ ја избрал за мајка на Исус Христос, синот на господ Бог. Кога имала три години била однесена во Ерусалим, каде што живеела до нејзината единаесетта година. Потоа кога се вратила во родниот град од нејзиниот архангел Гаврил ја добила радосната вест дека токму таа како *благословена меѓу жените* ќе го роди Исус Христос, синот Божји.

Утредента во месната црква *Св. Фабијан и Себастијан*, што ја користи МПЦ *Св. цар Константин и царица Елена*, протојереј Велински одржа света литургија на која што присуствуваа многубројни верници. Одбележувањето поучува и повикува на човекова чистота во молба и понизност кон Бога, праведно почитување на ближните и соседите, критичност кон себе и своите гревови. Затоа празникот црквата го ставила во редот на големите празници со кој почнува спасението и обновувањето на човечкиот род. По литургијата празничното дружење продолжи во МКД *Илинден*.

В. Т.

# Во чест и слава на Тоше

Седумте тажни години од трагичната смрт на музичката легенда Тоше Проески се одбележани и во Риека. Организатор и домаќин на средбата беше МКД *Илинден*, а покрај неговите членови присуствуваа и фановите на Тоше. Обраќања имаа Илија Христодулов, претседател на Заедницата на Македонците во Република Хрватска и преку мобилен на микрофон отец Кирко Велински од Загреб, парохиски свештеник на Македонската православна црква во РХ. Во чест и слава на омилениот и незаборавен Тоше се запалија свеќи и потоа се проследи видео снимка од неговиот последен концерт во Риека одржан во 2006 година.

В. Т.

# Богатство е да се живее во заедништво

Годинашнава *18. Етно смотра* во Риека се одржа на 5 октомври, под мотото *Богатство е да се живее во заедништво*. На оваа традиционална смотра на сожителство, разбирање и соработка настапија преку двесте учесници, а меѓу нив и педесетина гости. По одржување на шаховскиот турнир претпладнето, вечерта во Хрватскиот културен дом на Сушак беше исполнета со песни и ора, носии и везови на бројните малцинства кои егзистираат и дејствуваат на ова подрачје. Постојан учесник на смотрата е и МКД *Илинден*. Неговата пејачка група настапи со песните *Шутка и Топаана, Пеам да не заплачам* и *Што си ми сине денес весело*. Седумте женски вокали ја одушевија бројната публика која што изведбата на убавите македонски песни ја награди со долготраен аплауз.

В. Т.

# 11 Октомври одбележан во Риека



Денот на антифашистичкото востание на народот на Република Македонија свечено беше одбележан на 11 октомври во МКД *Илинден* во Риека. Носител на прославата беше претставникот на Македонското национално малцинство за Приморско-горанската жупанија во соработка со Советот на македонското национално малцинство за Град Риека, МКД *Илинден* и почесниот конзул на Република Македонија во Република Хрватска. Присутните ги поздрави претседателот Михаило Давчевски, а за Денот на востанието во Македонија опстојно и аналитички говореше академик Петар Стрчиќ. Првите партизански пушки кои се огласија во Прилеп и Куманово ги најавија решеноста и подготеноста на сенародното востание против новото зло на човештвото – фашизмот.

Она што е особено значајно е тоа што по ослободувањето прв пат е конституирана македонската државност во рамките на заедницата на југословенските народи и народности. Покрај создавањето на сите национални институции, една од најзначајните придобивки е конституирањето и воведувањето во државна употреба на македонскиот литературен јазик. Свое обраќање до присутните имаше и Илија Христодулов, претседател на Заедницата на Македонците во Република Хрватска. На двајцата учесници во НОВ Дане Данески и Серафин Тренески кои упатија писмени пораки до собирот, им беа врачени пригодни подароци. Во уметничката програма оркестарот и пејачката група изведоа неколку бисери од македонската песнопојна традиција.

В. Т.



# Фолклорни работилници во МКД „Илинден"

Фолклорните работилници во МКД *Илинден* во Риека започнаа со работа на 18 октомври и со одредена динамика ќе се одржуваат и во текот на месец ноември. Целта на овие активности е да се обнови и реафирмира фолклорот со зголемување на бројот на неговите членови и да се создаде подмладок што претставува стратегија за иднината на Друштвото, истакнува Ивона Дуноски Митев, потпретседател на МКД *Илинден*. Работилниците ги води познатиот деец во фолклорниот аматеризам, Блаже Атанасовски од Копар, Словенија. Децата кои ја посетуваат дополнителната настава по македонски јазик во Основното училиште *Центар* ќе имаат можност еднаш неделно да ги учат македонските ора, а водителот на музичката секција Јуре Ружиќ ќе ги воведува во тајните и убавините на свирењето гитара.

В. Т.

# Македонски семејства на Кампот за дијабетичари




Покрај останатите активности кои МКД „Билјана“ ги одржа во октомври, беше гостувањето на претседателката на Друштвото, Мирјана Мајиќ, во Кампот за дијабетичари што се одржа во Задар од 3 до 5 октомври. Мајиќ присуствуваше на случувањето на покана на Серџо Мичиќ, претседателот на Дијабетичното друштво Задар, со кое веќе долги години има добра соработка, особено во заедничкото користење на просториите во Задар. Организатор на кампот беше Загрепското дијабетично друштво. Темата на кампот беше „Дијабетес без граници и предрасуди“, а целна група беа деца и млади со дијабетес тип 1 и нивните семејства. Дел од случувањето беа две семејства од Македонија кои учествуваа со своите деца кои боледуваат од овој тип на дијабетес, а со свое излагање настапи и Тања Ѓорговска од Скопје, главна сестра на ендокринологија. Сестра Ѓорговска одржа предавање во врска со дијабетичниот камп кој се одржа оваа година во Охрид од 6 до 11 јули. На тој камп биле присутни и дијабетичари од Хрватска. Ѓорговска во својата презентација зборуваше за организацијата и активностите во кампот како и за начинот на прехрана кој се препорачува за ваквиот дијабетес.

Кампот понуди и многу игри за деца, музика за танцување, *брејк-денс* и слични активности.

Последниот ден од кампот децата беа израдувани со голема торта, секако по рецепт приспособен за дијабетичари. Децата кои беа дел од кампот покажаа голема енергичност и беа постојано активни со што ги воодушевија возрасните. Присутните си разменија слики и контакти, а една од македонските фамилии на присутните им подари и магнет сувенири со македонски мотиви.

Е. К. К.

# Румена Бужаровска на книжевен фестивал

Во својата постлетна понуда, Задар и оваа година го постави фестивалот на книжевноста и квалитетот „Калибар Бестивал» кој полека но сигурно со ова второ свое издание се претвора во традиционална манифестација. Настанот се одржа од 18 до 20 септември во дворот на Куклениот театар во Задар. На фестивалот учествуваа етаблирани писатели од Хрватска и Европа. Фестивалот траеше три дена а секој ден беше ексклузивно промовирана по една нова книга. Вечерите беа исполнети со групни читања на делата на авторите, а присутните имаа можност да погледнат и изложби на фотографии или цртежи.



Голема чувана тајна на овогодинешниот фестивал беше гостувањето на младата авторка Румена Бужаровска од „мистичната Македонија“, како што ја најавија самите организатори, која ги претстави своите раскази кои го очекуваат своето прво издание во Хрватска. Бужаровска е млада авторка која досега има објавено две збирки на раскази во Македонија, *Чкртки* (2007) и *Осмица* (2010) и збирка есеи *За смешното: теориите на хуморот низ призмата на расказот.* Инаку Бужаровска работи како доцент на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје и истовремено се занимава со книжевен превод. Во Задар се претстави со својот расказ *Мојот маж, поет.*

Е. К. К.

## МАРИЈАН МОНИЌ


Маријан Мониќ во Скопје



На „Вино Скоп“ во Скопје

# Во земјата на вечното сонце

Денешната музичка сцена на голем број млади и талентирани уметници им нуди широки можности за нивно претставување пред јавноста. Но, само некои од нив имаат исклучителни квалитети и знаења за да можат да се вклопат во целата музичка приказна. Меѓу нив е и Маријан Мониќ, млад хрватски пејач што се издвојува од мноштвото со своите врвни гласовни способности.

Маријан Мониќ е роден во Карловац во 1989 година. Уште од најраното детство се занимава со пеење. Се запишува во музичка работилница во Јастребарско и почнува да ја изучува техниката на пеењето. Се редат настапи на бројни фестивали, манифестации и концерти, а и првите награди. Членува во клапите *Фурешти* и *Вонети*, а со Кристијан Ковач го основаат и дуото *Амаро*. Во 2012 година се запишува во музичка школа во Карловац и учи оперно пеење. Истата година ја снима и првата авторска песна *„Бистра ријека“*, а со песните *„Ако ти ме заволиш“* и *„Празан стих“* за кои се снимени и видео спотови, постигнува позитивни критики и големи пофалби и надвор од Хрватска. Неговата музика станува препознатлива и се емитува на многубројни радио-станици.

Но, што има Маријан Мониќ со Македонците, ќе се запрашате. Е па, има. Тоше Проески беше негов музички идол и првата врска со Македонија беше неговиот настап на минатогодишните *Денови на пивото* во Карловац, кога Македонија беше земја-партнер, а концертот го одржа токму во чест на Тоше Проески. Мониќ беше гостин и на овогодишната *Македонска вечер во Загреб*, каде се претстави со неколку песни. Но, тоа беше само почеток за да ја оствари својата желба, да ја посети Македонија. Конечно, му се укажува прилика да учествува на фестивалот *Вино Скоп 2014* што се одржа во срцето на Скопје, на плоштадот *Карпошово востание* до Камениот Мост, од 24-28 септември. Тој настапи на претпоследната вечер во придружба на гитаристот Кристијан Ковач, додека 25000 гледачи го бодреа на сцената и пееја заедно со него.

– Бев многу возбуден што конечно се наоѓам во земјата на вечното сонце. Во Скопје се чувствував исполнето, маѓепсан од најубавиот град на светот. А концертот, тоа е чувство на огромна енергија, емоции, солзи, силна поврзаност меѓу мене и публиката. Не се изразува со зборови таа ерупција на скандирање, особено неколкуте биса на крајот од концертот. Воодушевен сум од Македонија и Македонците кои се срдечни, гостопримливи, прекрасни луѓе, и сигурно пак ќе се вратам, се надевам уште идната година со еден голем концерт. Ви благодарам од срце и душа за поддршката, најдобри сте, вели Маријан Мониќ.

За време на тие неколку дена поминати во Македонија, Мониќ го посети и Крушево, родниот град на Тоше Проески, неговото вечно почивалиште и спомен куќата.

Да му посакаме успех на Маријан Мониќ во натамошната музичка кариера, уште многу дружења со Македонците во Хрватска и бројни посети на земјата на вечното сонце.

Е. Петровска


На „Македонска вечер“ во Загреб

# Учиме македонски јазик

Минатогодишниот проект на МКД „Охридски бисер“ од Загреб, *Работилница за возрасни – Негување на македонскиот јазик и македонската култура*, поради големиот интерес продолжи и годинава. На 23 октомври во просториите на ЗМРХ почна првиот информативен час. Работилницата ја води Ивана Лазаревска, професор и членка на Друштвото, а наставата ќе се одржува еднаш неделно.

Моника, Јакша, Ива, Ања, Душан, Славко, Наташа, Ирена, Антица, Дамир, Маја, Марио, Антонела, Лилјана..., се само некои од учениците што ја посетуваат работилницата. Се започна со учење на азбуката и изрази на поздравувања што се среќаваат во секојдневниот говор. Преку учењето на македонскиот јазик тие ќе се запознаваат и со историјата, културата, традициите и обичаите на македонскиот народ и Македонија. Како помагала при креирање на наставата се користат и учебниците *Македонски јазик* и *Македонската литература и граматика* во издание на ЗМРХ.

Велат дека човек учи додека е жив. Не е важно колку години имате, важна е волјата и љубовта кон јазикот. Пријави



за учење македонски јазик се примаат и понатаму. Контактирајте го МКД „Охридски бисер“ на е-пошта: mkd.ohridski.biser@zg.t-com.hr или на тел: 01/4810644. Работилницата е бесплатна и единствен услов за учество е членство во Друштвото. Сите сте добредојдени!

Е. П.

## Сеќавање на партизанските дејствија против фашизмот во Македонија

Советот на македонското национално малцинство за Град Сплит, македонското културно друштво „Македонија“ и жупанискиот претставник на македонското национално малцинство за Сплитско-далматинската жупанија, Владимир Апостолски, во просториите на МКД „Македонија“ ја организираа прославата на 11. Октомври, Денот на востанието и почетокот на антифашистичката борба во Република Македонија.

Свеченоста започна со кратко уводно предавање на почесниот претседател на МКД „Македонија“ и жупаниски претставник на македонското национално малцинство за Сплитско-далматинската жупанија, Владимир Апостолски, кој во своето предавање даде осврт на антифашизмот во Македонија, поттикнувањето на ослободителната борба и првите вооружени дејства на македонските партизани.

Прославата продолжи на карактеристичен македонски начин: со домашни македонски специјалитети, македонски вина и се разбира, со песни и ора.

Б. М.

## Ин мемориам

### СЕРАФИМ ТРЕНЕВСКИ (1922- 2014)



На 1 ноември 2014 година нашиот најстар член Серафим почина. Роден е во 1922 година во Тресонче, Галичник, Република Македонија.

Имав чест долги години да го познавам Серафим и да се дружам со него. Неговиот скромен лик и придонес кој го остави зад себе, како во личниот така и во професионалниот живот, ќе биде трајно запишан и запаметен во историјата на МКД „Илинден“.

Долгиот живот му донесе и многу настани, па така Серафим уште во дваесеттите години го доживува бомбардирањето во Белград. Се враќа назад во Скопје, а потоа се вклучува во воениот виор, па крајот на II Светска војна го завршува на Сремскиот фронт. По војната останува во тогашните редови на Југословенската армија. Позивот кој го одбрал го води ширум во тогашната држава, па со своето семејство заминува прво во Смедерево, па Белград, Крушевац, Ваљево, сè до граничното село Гола во Подравина. Во Риека доаѓа 1962 година каде завршува со своето патешествие. Во извршувањето на своите должности постигнува забележителни резултати и за тоа добива бројни признанија. Неговиот немирен дух и желба за природа го води во с. Пермани, каде со својата сопруга купува семејна куќа во која живее во хармонија со своите соседи, па и со членовите на „Илинден“ на што беше особено горд и среќен за време на заедничките дружења. Останува впечатливо секое негово доаѓање на нашите заеднички дружења и излети. Се карактеризираше со посебен жар и радост и како таков ќе ни остане во трајно сеќавање – како посебен човек, кој судбината го отргна од нашата средина.

Владо Настески

# Вредно археолошко богатство пред очите на јавноста

*Во Скопје во октомври беше отворен Археолошкиот музеј на Македонија, каде е изложено македонско материјално наследство создавано со милениуми*





Македонија доби уште еден современ објект. Станува збор за најсовремен простор за чување и претставување на богатото културно наследство на Македонците, што е уште една потврда на милениумскиот цивилизациски континуитет на нашите простори. Тоа е Археолошкиот музеј во Скопје, кој е дел од проектот „Скопје 2014“ вреден 27,5 милиони евра.

Во него може да се видат сведоштвата од праисторијата до средниот век, а на три ката изложени се над 6000 артефакти. Меѓу нив е и копијата на таканаречениот саркофаг на Александар Македонски, рановизантиските оригинални мозаици од локалитетот Суводол, штитот од 3. век п.н.е. од локалитетот Бонче, реконструкцијата на римската кочија од 2. век од Делчево, како и стаклената чаша дијатрета од 4 век.

На свеченото отворање, меѓу бројните гости и вљубеници во археологијата кои стрпливо на Мостот на Вардар чекаа пред Археолошкиот музеј на Македонија, кој првпат ги отвори вратите за јавноста, беа и претседателот на Република Македонија, Ѓорге Иванов, премиерот Никола Груевски, бројни министри и истакнати личности од политичкиот, културниот и јавниот живот во Македонија. Посетителите во групи влегуваа за да ја разгледаат новата археолошка поставка, каде што е изложено материјалното наследство создавано со милениуми. Импресивната поставка се протега од праисторијата до средниот век и започнува со камените алатки што ги употребувале нашите најстари предци, а завршува со времето на Крал Марко.

Музејот има неколку одделили – за праисториска археологија, античка и средновековна археологија, кабинет за нумизматика, лапидариум... Објектот е опремен и со стаклени витрини, восочни фигури, 83 уметнички слики, видео-анимации, мозаици, а се поставени и реконструкции од неолитот.

Новиот музеј го отворија директорката Весела Честоева, министерката за култура Елизабета Канческа-Милевска и премиерот Никола Груевски, кој во обраќањето нагласи дека поддршката на музејската дејност и на археолошките истражувања ќе продолжат. И тој и министерката за култура им се заблагодарија на сите соработници што учествуваа во подготовката на музејот, меѓу кои и Паско Кузман, идејниот творец на таа институција.

– Прекрасен објект и прекрасна поставка. Вакво нешто е навистина од огромно значење за нас како Македонци и претставува непроценливо богатство. Овој Музеј нѐ поставува во редот на современите светски градови кои навистина имаат што да покажат, ни ги изнесе своите импресии по разгледувањето на поставката скопјанката Магдалена Илиева.

Милена Георгиевска



*Копијата на саркофагот на Александар Македонски*

# Грб на општина Решетари за Љерка Тот Наумова



Познатата хрватска поетеса и есеистка Љерка Тот Наумова од Македонија е добитничка на највисокото признание за книжевност – Грб на општина Решетари за оваа година. На големиот митинг на поезијата, кој се одржа во септември и на кој учествуваа 170 поети од целиот свет, учествуваше и Тот Наумова која го понесе високото признание за книжевност, за објавување и промоција на четири збирки поезија на хрватски јазик, како и за нејзиното залагање за збратимување со општина Илинден од Македонија.

На Решетарачки средби на поетите од дијаспората (од европските земји, Австралија, САД и Канада), кои годинава се одржаа по 17. пат, беше присутен и хрватскиот претседател Иво Јосиповиќ.

- Ова што вие го правите е навистина важно. Ја чувате традицијата, националната култура и ја одржувате врската со Хрватите вон Хрватска, негувајќи ги оние вредности кои се дел од нашиот национален идентитет, истакна претседателот Јосиповиќ.

Особена вредност на овие поетски средби е негувањето на хрватскиот јазик, придонесот тој да остане жив, па каде и да живеле Хрватите во светот, овозможување на младите да се изразат на свој мајчин јазик... И сето тоа останува забележано за некои идни генерации, како поттик да продолжат по истиот пат.

М. Г.

# Македонците покажаа што знаат на Јадранските игри

Оваа година на 13 септември Биоград беше домаќин на сензационалниот летен спектакл, финалето на Јадранските игри, кој традиционално се одржува секое лето во Биоград. Се работи за манифестација од спортско-забавен карактер во која учествуваа 6 тимови. Дел од случувањето беа претставници од Италија, Словенија, Хрватска, Црна Гора, Босна и Херцеговина, а големо освежување оваа година претставуваше и учеството на тимот од Македонија кој за прв пат имаше шанса да покаже што знае пред биоградската публика. Тимот беше составен од имиња кои се поврзани со Сојузот на спортски федерации од Скопје.

Екипите се натпреваруваа во 6 игри: летачки ватерполо, морска алка, трка со магариња, рибарски гајби, стрелаштво и тегнење јаже. Македонскиот тим беше составен од некои врвни спортски имиња од Македонија меѓу кои Димитар Ѓорѓиов – светски првак во кик-бокс и Маја Ангеловска, капитен на женската фудбалска репрезентација на Македонија. Главен „виновник“ за собирањето баш на овој тим од Македонија е главниот секретар на Сојузот на спортските федерации на Македонија, Борче Боев. Македонците дефинитивно покажа што знаат и умеат и




дека може да се носат рамо до рамо со многу поискусните тимови, како што е оној на Хрватска или на Црна Гора. Освен што ја освоија публиката со својата симпатичност, Македонците најдобро се покажаа во играта летачки ватерполо во која Маја Ангеловска успеа да „забие“ осум голови со глава со што ја воодушеви целата публика.

Тимот од Македонија најави дека ова дефинитивно е само почеток на едно прекрасно дружење и натпревар, а сигурно се враќаат следната година поподготвени и поодлучни.

Е. К. К.

# ЗБОРОВНИ ГРУПИ
## (продолжение)

*Предлозите* служат за изразување различни односи меѓу зборовите. Поврзувањето на зборовите, синтагмите и речениците го вршат *сврзниците. Честичките* се прилично разнородна група со која се изразуваат различни граматички значења и функции (тврдење, одрекување, истакнување и сл.).

Со *извиците* непосредно се изразуваат чувства, се обрнува внимание или се имитираат разни звуци.

Со *модалните зборови* се зазема сопствен став кон кажаното.

**- Морфолошката класификација ја зема предвид менливоста или неменливоста на зборовите. Врз основа на тоа дали ја менуваат или не ја менуваат својата форма во исказот, сите зборови се делат на две големи групи: менливи и неменливи. Менливите се пројавуваат во различни форми во исказот. На пр., зборот *молив* може да ги има формите: *моливот, моливов, моливон, моливи,*** **(два) *молива, моливите* и др. Неменливите зборови секогаш се пројавуваат во една иста форма.Такви зборови се, на пр., *ако, барем, без, како, сосема* и др.**

Во **менливите зборови** спаѓаат: *именки, придавки, броеви, заменки* и *глаголи.* **Неменливи** се: *прилози, предлози, сврзници, честички, извици* и *модални зборови.*

Поделбата на зборовните групи на менливи и неменливи не може да биде секогаш доследна затоа што има исклучоци. На пример, кај некои прилози има форми за степен (*долу – подолу, најдолу)* и за определеност *(неколку – неколкуте).* Од друга страна, пак, глаголските придавки во **има –** конструкции стануваат неменливи *(имам одено – имаме одено)* и сл.

Кога се има предвид функцијата (службата) на зборовите во реченицата се зборува за **синтаксичка** класификација на зборовите. Во реченицата некои зборови можат да бидат нејзини одделни, самостојни членови, да имаат служба, на пример, на подмет, прирок, предмет, атрибут и др., а други не можат да бидат со таква служба, туку можат да ги поврзуваат тие самостојни делови, да помагаат во изразувањето на различните односи меѓу нив. Значи, тие се „во служба“ на зборовите кои можат да бидат самостојни делови на реченицата.



Марија Георгиева-Петриќ
судски преведувач за македонски јазик

(Според *Македонски јазик,* Просветно дело АД, Скопје, 2001)

Bekos
bez jezičnih prepreka...

АГЕНЦИЈА ЗА ПРЕВЕДУВАЊЕ ЗА СИТЕ ЈАЗИЦИ
URED SUDSKIH TUMAČA I PREVODITELJA ZA SVE JEZIKE

www.bekos.hr

Siget 18C/VI, Zagreb, Tel.: ++385 1 652 57 50, Fax: ++385 1 652 33 88, Mob: 091-572 33 88
Av. Dubrovnik 10, Zagreb, Zgrada Chemcolora, soba br. 111,
(pored općine Novi Zagreb), Mob: 095-871 87 16

# Дружење со фолклорниот ансамбл „Китка“ од Истибања



На покана од здружението „Огранок на селската слога“ во Бушевец, Велика Горица, на *12. Меѓународен фестивал на традиционални инструменти* што се одржа на 4 октомври, настапи македонскиот фолклорен ансамбл „Китка“ од Истибања, Виничко. Ден пред тоа, на 3 октомври, делегација од здружението „Огранок на селската слога“ предводена од претседателот Ненад Рожиќ и членовите на „Китка“ од Истибања го посетија МКД „Охридски бисер“ во просториите на ЗМРХ, каде беше организирано заедничко дружење со презентација на убавините на македонската фолклорна музика.

Претседателите на „Китка“ и „Охридски бисер“, Стојко Митковски и Благој Штерјов, по воведното запознавање разменија симболични подароци за спомен на средбата. Оркестарот на „Китка“ изведе неколку македонски народни песни како што се *Домаќине, добри гости*



*ти дојдоа* и *Мајка има едно чедо.* Тапани, гајда, ќемане, кавали и другите оригинални автентични македонски инструменти маѓепсуваа со својот хармоничен ритам и звук, и ги мамеа бројните присутни во добро расположение да заиграат носталгично, македонско оро.

Фолклорниот ансамбл „Китка“ од Истибања основан е во 1975 година и како презентер на народната култура преку обичаите, ората и песните, настапувајќи насекаде во Европа и светот, се здобил со многу награди и признанија. Организатор е и на Меѓународниот фолклорен фестивал *Истибанско здраво-живо* кој традиционално се одржува секоја година во втората половина на септември, а на кој гостува и здружението „Огранок на селската слога“ од Бушевец, со кое соработува веќе полни 20 години.

Е. П.

# МКД „Охридски бисер“ со настап во Хорвати




Во рамките на 3. натпреварувачки фестивал на фолклорно пеење *„Мед собом смо запевале“* што се одржа на 25 октомври во Културниот дом Хорвати, Загреб, во организација на КУД „Хорвати“ Загреб и ЖВС „Кленцарице“, настапија 15 пејачки и инструментални групи од Хрватска и Австрија. Меѓу учесниците беа и инструменталната група „Охридски бисер“ и пејачката група „Моми бисерни“ при МКД „Охридски бисер“ од Загреб. Тие под водство на Сафиудин Алимоски се претставија со македонските изворни „Танано оро“, „Доне мамино“ и „Учи ме мајко, карај ме“, и предизвикаа бурно одобрување кај публиката.

За време на двочасовната програма, настапите се одвиваа под будното око на членовите на стручната жири комисија: Божо Поточник, Мира Кадоиќ и Зринка Бабиќ. Тие имаа тешка задача да изберат три најдобри групи, додека публиката во полната сала секој настап го поддржуваше со громогласни аплаузи. Првото место го освои фолклорниот хор КПД „Света Клара“, второто КУД „Звир“ Гробник, Јелење, третото ЖВС „Кленцарице“ при КУД „Хорвати“ Загреб, а наградата од публиката ја доби ЖПС КУД „Купљеново“.

Ревијалниот дел од програмата го исполнија настапите на групата на мажоретките од Самобор, танцувачката двојка при КУД „Звир“ од Јелење и домаќините со своите гости. Оваа исклучително квалитетна и распеана вечер заврши со благодарност и честитки до сите учесници и во дружење со публиката која уживаше во фестивалот.

Е. П.

20 godina sa Vama
AMPER SERVIS
Cvjetna 6, 10370 Dugo Selo Ispostava: Čulinečka 52, 10000 Zagreb
Instalacije inteligentnih sustava-pametne kuće
Automatizacija, upravljanje i nadzor instalacija u građevinama
Izrada tehničkih riješenja instalacija
*Elektroinstalacije jake i slabe struje *Centralno i podno grijanje *Ventilacija i klimatizacija *Vodovod i odvodnja *Gips kartonski radovi *Elektrostatički podovi *Automatska zaljevanja *Centralno usisavanje *PVC stolarija, inox i crna bravarija
Tel.: 01/2913-194, tel/fax. 01/2913-188, mob.: 0912230 077, 091 4771 777
E-mail:amper-servis@zg.t-com.hr
E-mail:amper-servis@zg.t-com.hr
Direktor : Jonče Ilievski

Ин мемориам

## Три тажни години за нашиот Ратко Димовски



Од татко пилот, животот го носеше низ целиот свет: роден во Битола, основно во Загреб, средно во Велес, најубавите години на творештвото во Пула, Македонец во Хрватска. Тоа беше нашиот Ратко Димовски кој нè напушти пред три години во својата 72 година. Освен своите седум објавени книги беше постојан дописник на „Македонски глас“ од 1993 година, поточно во првата гарда на нашето списание за македонското малцинство во Р. Хрватска.

Секогаш насмеан. Полн со дух. Убав збор за сите околу него и ако го сакаат и ако не го сакаат. Информацијата му беше главна и ја праќаше секогаш кога ќе се случеше некој настан, а тој длабоко веруваше дека тоа треба да се објави. Колега кој МОРА да се почитува. А колегите само можат да речат дека беше најдобар пријател и хиперактивен писател и новинар.

Освен неговите најблиски и ние од Заедницата на Македонците во Р. Хрватска и „Македонски глас“ вечно ќе го паметиме.

М. А. В.




## ЦЕНОВНИК ЗА ОБЈАВЕНИ РЕКЛАМИ ВО “МАКЕДОНСКИ ГЛАС”

Страниците на нашето списание “Македонски глас” отворени се и за Вашите реклами. Доколку сакате Вие и Вашата фирма да се рекламирате на нашите страници, доволно е само да се јавите на телефонот на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска или испратите понуда на нејзината адреса, а ние од Уредништвото веднаш ќе ги исполниме Вашите желби. Ценовникот за користењето на рекламниот простор е:

| ФОРМАТ | ЦРНО-БЕЛО | КОЛОР |
|---|---|---|
| 1/1 А4 | 600 куни | 900 куни |
| 1/2 А4 | 450 куни | 600 куни |
| 1/3 А4 | 300 куни | 450 куни |
| 1/4 А4 | 225 куни | 300 куни |
| 1/8 А4 | 150 куни | 225 куни |

Во очекување на нашите взаемни контакти,
Ваш “Македонски глас”

## ПРЕТПЛАТА НА “МАКЕДОНСКИ ГЛАС“

Драги наши читатели,

Доколку Вие, кои редовно го читате нашето списание, сакате да станете негов претплатник и тоа редовно да пристига на Вашата адреса, Ви нудиме можност да го сторите тоа. Доволно е со писмо да се обратите на адресата на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, Масарикова 16/1, 10000 Загреб, во кое ќе ја приложите потврдата за Вашата платена претплата (жиро сметката на Заедницата е: PBZ – IBAN: HR6023400091100038804, матичниот број: 3805760, и личниот идентификациски број (OIB): 07739533563) и читко да го напишете Вашето име и адресата на која сакате да Ви пристига секој нов број на Македонски глас.

Претплатата на Македонски глас за Хрватска, со платена поштарина (за 6 броја), изнесува 60 куни годишно, додека пак за странство, 120 куни годишно или 17 евра.

Со надеж дека наскоро ќе ни се јавите,
искрени поздрави од
Уредништвото








# МАРКОВИ КУЛИ – СВЕДОК НА МИНАТОТО








Македонија изобилува со мноштво природни раритети од кои посебно се издвојува природниот феномен од карпестата уметност, познатата тврдина Маркови Кули. Како вечен чувар и заштитник, се издигнува над планинскиот масив Чардак, Крупник, Гребник и Тапанче, над градот Прилеп. Тврдината, која датира уште од времето на цар Самоил од 976 година, има површина од околу 15 хектари и е една од најголемите монументални, археолошки и историски атракции на Балканот.

Необичната структура и староста на карпите го зголемуваат значењето на овој локалитет. Голем број грандиозни карпи со чудесни облици и бои поврзани се во 2 паралелни низи, чија надморска висина се зголемува од југ кон север, каде се спојуваат со врвовите Златоврв (1422 м) и Липа (1392 м). Најразличните релјефни форми лоцирани на мали платоа се создале во текот на структуирањето на карпите и ладењето на магмата. Меѓу формите се препознаваат фигури на жаба, лав, гуштер, желка... Една од најатрактивните во подножјето на Маркови Кули е камената фигура во облик на слон, висока 8 м. Легендата вели дека тоа било култно место за одржување на повеќе ритуали. Луѓето што имале направено лоши дела доаѓале со вода за миење раце и лице за да се исчистат. Жените пак, се вртеле околу слонот со свеќи в раце во ноќите меѓу петок и сабота за да ги смилуваат вишите сили да им дадат пород.

Маркови Кули го претставуваат всушност некогашниот Прилеп, утврден град со акропола. Тој бил главен град на средновековното кралство, на кралевите Стефан, Душан, Волкашин и на неговиот син, легендарниот Крале Марко, по кого и тврдината го носи името. Според археолошките истражувања, овде постоел континуиран живот од 10. до 14. век. Но, грамадните монолити сведочат за присуство на човекот уште од најстарите времиња, од првата населба Керамија. Локалитетот е полн со древни гробници, живеалишта, цркви, светилишта, како и прастари карпести цртежи кои потекнуваат од 7. век п.н.е. Тврдината на северниот ѕид денес има остатоци од двојна порта и голема стражарска куќа, а на јужниот ѕид 3 добро сочувани кули. По смртта на Крале Марко во 1395 година тврдината била заземена од Турците и животот во неа згаснал. Жителите создале нова населба во подножјето на Маркови Кули, наречена Варош.

Од Маркови Кули може да се слушне, види, почувствува и доживее македонската цивилизациска и културна историја. Ова буди голем интерес за развој на туризмот. Марковите Кули биле инспирација за снимање на филмовите Пред *дождот, Прашина* и *Збогум на 20. век*. Тука се одржуваат бројни културни манифестации и спортски натпреварувања како што се *Поетското Маркукуле* и *Крали Марко ултрамаратонот*. Посебно духовно оплеменување дава манастирот *Св. Архангел Михаил*, каде се наоѓа вториот по старост запис со кирилско писмо. Во тек е постапката Маркови Кули да бидат прогласени за споменик на природните реткости и на културата при УНЕСКО.

Прилепчани со гордост ја раскажуваат и опејуваат богатата и живописна историја на Маркови Кули. Ако сакате да се вратите во минатото, тогаш мора да го посетите овој вонвременски локалитет кој длабоко во себе ги крие тајните на големите кралеви и сведочи за едно поинакво древно време.

Е. Петровска